## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Седмото продолжение на 14-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јануари 2007 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Фијат Цановски, Љубчо Георгиевски, Валентина Божиновска, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џевад Адеми, Абдулади Вејсели, Сафет Незири, Весна Бендевска, Радмила Шеќеринска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пред да продолжиме со работа по текстот на Предлогот на законот, ве молам да ми помогнете да го расчистиме овој компјутерски дисплеј, на сите пријавени, бидејќи беше пред подолго време, да ги расчистиме. Јас ќе ги прочитам сите пријавени дискутанти а вие да ми помогнете, да видиме кој беше за дискусија, кој за реплика и тн.

На списокот прв го имаме Незири Сафет. Тој е отсутен.

Потоа ја имаме Славица Грковска. Дали бевте за збор или за реплика?

**Славица Грковска:** Се откажувам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи се откажувате.

Понатаму на списокот е Аднан Јашари. Тој е отустен. Николовски Александар е отсутен. Зоран Витанов се откажува. Никола Поповски е отсутен. Други нема.

Продолжуваме со претрес по амандманите за бришење на член 3, поднесени од пратеникот Кире Гештаковски, пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски и од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за амандманите гласале 27 пратеници, воздржани нема, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Отворам претрес по амандманите за бришење на член 4, поднесени од пратеникот Кире Гештаковски и пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски и од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот за здравство, господинот Владимир Лазаревиќ.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не ги прифати амандманите.

За збор се јави Весна Јанвеска.

**Весна Јаневска:** Предлагаме членот 4 да се избрише од едноставна причина што се коси со многу фактори во здравствениот систем на Република Македонија.

Здравствениот работник вработен во јавна здравствена установа може да укажува здравствени услуги во други јавни здравствени установи што е регистрирана нивната дејност врз основа на склучен договор со здравствената јавна установа во која е вработен и јавната здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги.

Со овој член е направен обид да се поправи она што е предвидено во членовите 2,3 и тн. Значи, мора да се разгледува во континуитет со претходните два члена и уште други два члена кои следат. Притоа, сакам да кажам дека сите овие членови, вклучувајќи го и членот 4, се косат со здравата конкуренција, со изедначувањето на државното и приватното здравство, со социјалниот систем на здравствена заштита што ние сме го предвиделе со нашите закони за здравствена заштита и социјално здравствено осигурување, затоа што до колку приватното здравство не се изедначи со државното здравство и во приватните здравствени установи не се склучат договори со Фондот кој сеуште, патем во овој момент во епидемија на грип, не се направени па затоа огромен број на пациенти немаат можност да ги користат социјанлите принципи на здравствена заштита во оваа држава и огромен број од нив во моментот и не се јавуваат на лекар туку сами дома се лекуваат од грип. Значи се кршат тие принципи, се крши принципот на самостојноста и автономноста на целиот наставен кадар во оваа држава, се крши принципот и на давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите кои имаат потреба од тоа, почнувајќи од превентивата, примарната, секундарната, терцијалната здравствена заштита, се кршат принципите на одржување на високо ниво на универзитетска едукација на следните здравствени кадри односно цел медицински персонал, почнувајќи од доктори, сестри, инструментарки, болничари и друг медицински персонал и со тоа се прави најголема штета на пациентите. Значи

неможноста на здрава конкуренција во здравствениот систем на Република Македонија, нерамноправната достапност кон приватниот и државниот сектор, нерамноправната достапност кон највисоките стручни лица, какви и да се од областа на медицината, а во Македонија ги има, исто така ќе придонесат за влошување на здравјето на пациентите, а не за подобрување на истите.

До колку Фондот во најскоро време не склучи договор со бројни здравствени установи кои се дел од реформата на примарното здравство што во моментот не е направено, бидејќи е објавен тендер, земени се под концесија државни установи кои сега би требало да функционираат поинаку отколку до сега, пациентите во овој момент, а и во иднина, бидејќи тоа нема да се случи така како што јас велам, немаат можност, немаат каде да се јават.

Значи, ускратено им е правото на здравствена заштита и веројатно тоа ќе трае. Да не зборувам за дигнитетот и основните услови кои докторите мора да ги имаат за да ја вршат квалитетно својата работа. Притоа, да не должам многу, сметам дека направивме грешка како пратеници на ова Собрание, што не ги прифативме измените на членовите 2, 3 и 4 и дека не прифаќањето на амандманите на членот 4, без оглед дали тоа е од нашата пратеничка група, или од другите пратеници, бидејќи се речиси идентични, сметам дека ќе нанесеме дополнителен удар и на така лошиот здравствен систем во Република Македонија.

Затоа, ги молам пратениците уште еднаш да се преиспитаат, со оглед на партискиот став, а и претставниците на Владата уште еднаш до крајот на седницата да размислат што може да се стори во оваа насока. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 24, воздржани нема, против гласале 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 115-Б за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Азис Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, јас ќе се потрудам уште еднаш да ја образложам целта на овој амандман, имајќи го во предвид фактот дека еден дел од аргументацијата и мојот став и на нашата парламентарна група го елаборирав во мојата воведна дискусија и ја најавив можноста, прифаќајќи ги реформите како неопходни, или прифаќајќи го фактот дека здравствениот систем е во една неповолна состојба и има потреба од интервенции, со цел да се подобрат неколку текови во здравството и здравството и здравствениот систем навистина да биде во функција за заштита на здравјето на граѓаните, како што е предвидено со закон, но истовремено, укажав на неколку забелешки, во врска со начинот како актуелната Влада, се труди да ја направи оваа реформа во здравството. Сакам да ве потсетам дека досегашните амандмани кои се отфрлија од страна на парламентарното мнозинство беа во однос на еден посмел пристап кој фактички, имајќи ги предвид аргументите и фактите и познавајќи ја состојбата, посебно во здравството во целост и во здравствената политика, бидејќи дискусиите беа од стручњаци и амандманите беа потпишани од луѓе кои ја познаваат оваа област и имаат што да кажат во оваа насока. Тие наспроти волјата и добрата желба на еден дел од пратениците, не се прифатија од парламентарното мнозинство. Јас сега со овие мои амандмани, или со првиот кој го предлагам, сакам да направам едно влијание на еден начин, за да ги прилагодам овие реформи во согласност со создадените реалности во здравствениот систем во Република Македонија имајќи ги предвид аргуменатите со кои и Владата ги мотивира овие измени. Но, аргументите фактички кои од предлагачите на досегашните амандмани и тие кои следат се јаки и стојат како такви. Доколку можеме да изнајдеме една средина и еден пристап и ќе се најде во една средна линија, мислам дека ќе биде од интерес и на самото здравство, но и на граѓаните.

Значи, со овој амандман интервенирам во членот 4, бидејќи не се прифатија досегашните амандмани, поврзани со овој член, јас предлагам да има можност од јавните здравствени установи, лекарите на таа здравствена установа да можат и во приватни установи да работат, исполнувајќи го со фактот дека ова право го немаат одговорните на секторите, или на клиниките, или на тоа ниво, за што, Министерството може да се произнесе.

Значи, предлагам една средна варијанта која во светот се практикува многу често и има дадено соодветни резултати, дека овозможува од една страна државата или Министерството да може да ги извршува своите политики во функцијата на консолидацијата на состојбата, вршејќи поодговорни функции. Значи, директорите и шефовите на клиниките на одделите поодговорни во својата работа на клиника и не овозможувајќи тие да даваат здравствена услуга. Но, тие кои не сакаат да станат директори и не сакаат да ја стекнат оваа обврска да им се дозволи нивното

знаење и нивниот капацитет да можат на ограничен начин секако, во согласност со подзаконските акти кој ги издава Министерството да можат да вршат дејност во други здравствени установи и надвор од јавните здравствени институции. Со тоа ќе создадеме еден поквалитетен пазар, ќе се овозможи една конкурентност, во рамките на тоа што е и лојална конкуренција во оваа област и ќе им се понуди помош на пациентите од разни експерти, кои воглавно се во Клиничкиот центар, посебно во Скопје овие можности да ги искористат и во другите клинички центри, кога се знае фактот дека не сите лекари можат да ја вршат оваа дејност во клиниките, имајќи ги предвид и клиничките простори и клиничките услови итн.

Суштината на овој амандман е да го прифатиме фактот и аргументот на Владата дека не секој ќе има можност и право да работи надвор од матичната институција и пред се не тие кои се одговорни кои ќе ја контролираат и другата работа на вработените, или ќе воспостават едно правило во оваа насока. Ова право да им се оспори посебно на тие со високи надлежности, бидејќи ова е од интерес на самите граѓани. Ова не е само од интерес на лекарот, туку е од интерес на сите граѓани ним да им се овозможи и една ваква варијанта, затоа што варијантата да им се овозможи и на лекарите специјалисти или на професорите во рамките на својата институција само тука да ја вршат оваа дејност. Ако такво нешто немаше успех и системот одеше во суштина да се консолидира.

Сега, бидејќи се дозволи дополнителна работа за сите лекари со одредени услови, со одредени години на стаж, мислам дека е остра мерка, веднаш ова да се прекине за раководителите и директорите кои сносат одговорност за текот на работите, но не и за другите здравствени работници кои работат како стручњаци да работат и во други здравствени установи. И што е уште позначајно, мислам дека ние дефинитивно ќе ги направиме и лекарите наши партнери, значи, на здравствените политики на Владата и на Парламентот за реализирањето на овие реформи. Сакам да ве уверам сите вас и да кажам мое мислење дека на еден начин во мотивите и реформите предложени има елементи на партнерство со лекарите.

Ќе биде тешко почитувани колеги, да се направат реформи, ретроградни реформи во еден отпочнат процес без партнерство со лекарите и да се смета за добар тек и општа благосостојба. Затоа што тоа што ние сме принудени секогаш да го имамие предвид и фактот дека тежината на реформите да не падне воглавно врз грбот на пациентите. Една ваква работа е тешко да се оствари доколку немаме партнерство со самите лекари. Ние лекарите не можеме да ги третираме како една структура која секогаш има бенефиции и ги користи сите можности за да создадат одреден метеж за да придобијат нешто лично. Придонесите на стручните лекари од јавен интерес, затоа што се става во служба на пациентите и општото здравство. Затоа ценам како пракса и компромис и вака може да се сфати како компромис, предлогот кој произлегува од овој амандман. Како што реков, дозволете ми да се повторам, прифаќајќи го еден механизам во оваа насока кој што треба да се направи, редуцирајќи или ставајќи ги под контрола еден поодговорен дел на тие кои вршат раководни позиции во здравството, но овозможувајќи им на другите кои се во мнозинство, кои воглавно се во јавните здравствени установи. Со оваа како што реков, и лекарите ќе станат партнери и ќе отстраниме еден тежок удар кој може да се случи по овој чекор. И ќе се согласиме дека е ретрограден чекор во споредба со тоа што беше претходно кога реков јас дека имам мои дилеми, но бидејќи се направи тоа, сега треба на соодветен начин да се однесуваме сите ние и навистина да му дадеме можност на ова партнерство на лекарите и да дозволиме една консолидација и една усогласеност на интересите на самите лекари на едне спонтан начин, имајќи го ова внатре, и еден механизам кој што ќе го регулира. Овој механизам е самата контрола на раководителите кои немаат право да одат и да укажуваат услуги надвор од здравствените организации и желба на други кои можат да укажуваат услуга не погодувајќи ги ни едната примарна работа во јавните клиники. На овој начин, им даваме една доверба на внатрешните инстанци и создаваме еден внатрешен регулатор, се додека се создадат други односи во пазарот на трудот и при дефинирањето на оваа дејност, мислам дека оваа фаза и овој момент можеме да го пребродиме на поприфатлив начин во интерес на пациентите и на сите граѓани.

Затоа го повикувам парламентарното мнозинство со овие мои аргументи да зрачат и да создадеме еден побалансиран систем кој може да гарантира повеќе успех од овие мерки кои можат да се оценат од здравствените структури како драстични, имајќи го предвид фактот дека не повеќе од една години или 7-8 месеци се дозволи една ваква можност и еден ваков чекор за коегзистентноста и консолидација на еден ваков систем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, за гласале 25, воздржан 1, против гласале 54 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер за здравство,

Со овој амандман предлагаме во членот 6, ставот 2 каде што стои едно лице се именува за директор, треба да има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки и најмалку пет години работно искуство во здравствена установа. Овде вели и положен испит за директор во согласност со овој закон.

Ние сметаме дека со овој став, со реченицата "и најмалку 5 години искуство во здравствена установа", би требало да заврши, а да се бришат зборовите: "освен за директор согласно со овој закон", околу полагањето на испитите што треба да ги полагаат докторите, за да можат да бидат назначени за директори, доста се говореше на седницата, иако тоа беше пред повеќе од месец дена, претпоставувам дека почитуваните колеги веќе знаат за што станува збор. За тоа зборуваше и почитуваната колешка Весна Јаневска доста во оваа насока, а исто така и колегата Ѓорѓи Оровчанец. Токму поради тоа што се беше кажано кога имавме претрес за самиот закон, јас не би се повторувала. Навистина, кај мене се наметнува дилемата дали ова лице кое се предвидува да има две лица, едното да биде назначено од редот на здравствените работници, односно се подразбира од редот на докторите, а другото да биде од економските науки, кој што ќе биде менаџер, дали баш ова лице кое што е од здравствените работници, треба да полага испит за директор, со оглед на тоа што во најголем број здравствени установи на ова место доаѓаат доктори кои што долго време се специјалисти, работат во таа дејност, добро ја познаваат работата која што ја обавуваат. Значи, тоа не се лица кои што се донесени од надвор. Тоа се потврдува и со петгодишно искуство, кое што вели во здравствената установа. Значи тоа лице веќе добро ја познава работата и она што се случува во здравствената установа и не знам што би се стекнал со некое поголемо знаење, ако го положи тој т.н. брз курс за директори кој што трае неколку дена. И дотолку повеќе кај мене се наметнува дилемата. Пред извесно време се отвори школа за јавно здравство за поздипломски студии во неа. Тука гледам дека токму тие лица би можеле да се најдат и успешно да ја обавуваат оваа функција, односно директор на Јавната здравствена установа. Исто така, се наметнува дилемата дали и овие лица кои што ќе дипломираат на оваа школа или некој од нив ќе бидат и магистри, ќе полагаат исто така испит за директор и тоа пред некој од вработените од Министерството за здравство и некој вработен од Министерството за финансии.

Токму поради оваа нелогичност, сметам дека овој став од членот 6 би било најдобро да заврши со тоа најмалку пет години работно искуство, додека испитот за директор да се брише.

Бидејќи заменик министерот не го прифати амандманот, очекувам колегите пратеници да дадат поддршка на амандманот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 15, воздржан 1, против гласале 47 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 во постојниот член 137 за додавање нов став по ставот 3, кој станува став 6, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Азис Положани.

**Азиз Положани:** Јас ќе настојувам и со овој амандман да дадам еден скромен придонес за разјаснување на нашиот став и за овозможување евентуално на еден посоодветен пристап во реформирањето на здравството. И овие амандмани кои што ги предлагам се во функција навистина на подобрување на текстот, според мое мислење, затоа што текстот освен концептуалните решенија за кои што и имаме право да имаме разлики и тие разлики ги изразуваме и во нашата расправа. Има и слабости при конструирањето, односно при градењето како решение на законот, со тоа што е изготвен набрзина и ќе има и правни последици поради неконзистентноста на некои членови и неусогласеноста на истиот со практичките аспекти. Верувам дека е потребно да имаме и од страна на парламентарното мнозинство простор за разменување, или пак аргументирање, иако понекогаш не се добива таков впечаток, затоа што многу малку од пратениците ги ставаат слушалките на уши и на овој начин се стекнува впечаток дека сме повеќе за гласање на решенија кои што се однапред предложени, или прејудицирани отколку да имаме волја врз основа на аргументите да направиме подобрување на

Законот. А подобрувањето на законот се прави се разбира со слушање на аргументите. Доколку не се слушаат истите тогаш е тешко да веруваме дека ние можеме некого да убедиме да не поддржи во овие амандмани кои што се сите со добра намера. Сепак, ова е работа на секој пратеник поединечно. Затоа јас ќе настојувам да аргументтирам која е практичката цел, или намера на овој аргумент. Во предложените решенија имаме ситуации, или пак се предлага секој директор било да е од здравствената област, или од економската област се обврзува без оглед на неговото ниво на надлежност, или пак на образование да се подложи на директорски испит, нешто што мислам дека како практика не е спорно, затоа што има потреба од познавање на менаџерските аспекти во здравството како една од слабите точки и кои што долго време се забележуваат во оваа област. Меѓутоа, мислам дека исто така има луѓе кои што се стручнаци, професионалци и кои што ги имаат пребродено, или пак надминато овие. Иако не се многу на број тие луѓе, меѓутоа, сигурно дека има, посебно во клиничките центри, значи луѓе кои што всушност не само што биле магистри на науки и од некоја област која што е блиска со тоа што се воспитуваат, значи образуваат во тие центри, меѓутоа биле и министри, заменици министри и други кои што фактички сега од позиција на редовен професор, можеби некои и од академиците доколку сака да биде директор треба да полага испит, на една структура која што е за почит во секој случај. Меѓутоа, мислам дека треба да се има превид фактот дека и овие луѓе треба да се ослободат од тие испити за директори, а посебно магистрите. Мојот предлог е магистрите и докторите на науки и министерот во согласност со својот правилник, или деловник да им дозволи доколку тие сакаат да станат директори да им овозможи да не полагаат. Затоа што практиката тоа го докажува, значи има способни лекари, има и квалификувани лекари, сигурно дека имало и порано и не заради нив дошло до ситуации кои што се незавидни во здравството. Меѓутоа, поради фактот што тие можеби не дошле толку до израз. И затоа во функција на сочувување на професионалното достоинство и образовното достоинство на високите образовни нивоа, мислам дека парламентарното мнозинство ќе треба да го поддржи овој амандман затоа што се создава можност експертите со звања доктор на науки и магистер да им се смета овој испит како положен, затоа што ќе биде многу потешко, или пак посуштинско е знаењето кое што се стекнува од подолгото студирање од две, или четири години за овие звања, или пак доколку се кумулативни и двете, тоа се многу повеќе години отколку еден краток, брз курс за менаџери кој што се организира. Затоа мислам дека има потреба од разбирање за овој амандман од парланентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ова ќе го кажам од аспект на тоа да дадам неколку објаснувања за да нема заблуди во јавноста. Овој закон навистина ги содржи сите компоменти на еден модерен закон и еден закон кој ќе го спречи организираниот криминал и корупцијата во здравството. Зошто го велам ова? Во актуелниот закон им се одобрува на сите здравствени работници да учествуваат со дополнителна работа осум часа неделно во нивните здравствени организации и таа работа да ја вршат легално. Од друга страна им се забранува работа попладне на тие кои имаат нелојална конкуренција на нивните колеги во приватниот сектор.

Второ објаснување, овие директори кои ќе раководат со врзани потписи е метода која се применува и сега, се применуваше и порано. Сега ние само ќе го озакониме тоа. Тие ќе имаат едно одредено правило кога можат да потпишуваат документи и кога да носат една таква заедничка одлука. И нивната работа е набљудувана од Министрерството за здравство и раководниот орган во јавната здравствена установа.

Трето, сакам да му укажам на господинот Азис,секоја почит за сите научни звања, за сите професори, магистри и за сите специјалисти и сите примариуси, доктори на науки, но на тие не можеме да им дозволиме да се ослободат од овој испит за директори, затоа што тој може да биде голем научник може да знае многу работи од медицината, но може да биде слаб организатор, ова го велам условно, бидејќи за да раководиш со една јавна здравствена установа каде ги имаш сите видови на медицински области и помошни технички помагала и менаџирање со финансии повеќе е од потребно да има еден таков курс и да го положи овој испит. Ние овој курс го предвидовме и засновајќи се на вашите вкусови кога бевте министер за образование, кога го озаконивте курсот за директори на основните училишта. Ние само продолжуваме една таква пракса и од неколку аспекти го објаснуваме и го реформулираме на поточен начин со сите ингеренции и одговорности кои ќе ги сноси тој раководен тим и тој организатор на јавната здравствена установа.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута Азис Положани.

**Азис Положани:** Како и да е, господинот Рамадани повеќе направи реплика за другите членови. Сепак, за ова последното јас ќе му одговорам дека јас не верувам дека еден ескепрт или професор или пак доцент или магистер за менаџмент во здравството како што е заменик министерот тука на пример, доколку тој бил неспособен до стекнувањето на овие звања, за три месеци дека ќе стане толку добар, или пак толку добар менаџер што ќе ни го спаси здравството. Јас не верувам во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Владимир Лазаревиќ.

**Владимир Лазаревиќ.** Благодарам претседателе. Сакав да укажам само на две работи. Полагањето на испитот за директор во здравството воопшто нема да ги спречи тие кои што се стручни без никакви потешкотии да го положат испитот. Значи, тој што се чувствува подготвен, конкретно вие неколку пати ги напоменавте постдипломците на Школата за јавно здравство, за нив испитот самиот по себе нема да претставува никаква тешкотија и тие лесно ќе можат да го положат. Целта на испитот е, тој е фокусиран во насока на подобрување на менаџментот и е со одредена специфика. Магистерските студии не секогаш обезбедуваат јасна специфика во делот на менаџментот и раководењето со здравстсвените установи.

И втора работа е дека тој ќе биде врз основа на објективни критериуми, што значи дека нема никој да ги испрашува полагачите, туку ќе биде направен компјутерски, со повеќе можни одговори каде што секој од учесниците ќе може да одговори и компјутерски ќе излегуваат резултатите. Значи, нема да има ниту во еден момент субјективно чувство некој дека некого испрашува и дека некој ќе се осети навреден. Туку сметаме дека ова е една алатка врз која што вистински и секој кој што се чувствува подготвен без никаква потешкотија ќе го положи, а тие кои што немале можност за вакво образование преку програмата за менаџмент ќе можат да се стекнат со тие знаења кои што се потребни да раководат со здравствените установи.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас немам принципиелно ништо против начинот и можноста да се организираат такви курсеви за успешност во менаџирањето во установите. Во медицината, како и во некои други професии за кои што јас не сум компетентен да зборувам, има и некои внатрешни механизми и традиционални запоставени ситеми на вредности кои што во суштина биле столб на развојот на здравството и на здравствената дејност со векови. А тоа е хиерархијата, почитта кон постариот и кон оној кој што повеќе знае и сигурно и достоинството на лекарот. Затоа тоа е поврзано и со некои моменти кои што господинот заменик министер многу добро ги знае, не можат ниту да се регулираат, ниту да се спречат, ниту да се воздригнат на некое високо ниво со закон. Кога би било тоа така здравството веќе не ќе постоеше, затоа што законите не секогаш биле такви да ги сочуваат и на некој начин да ги одржуваат овие вредности, туку била внатрешната духовна моќ на здравствената дејност која што се засновала од Хипократ, па и од другите и понатаму кои што го задржале тоа што значи денеска внатрешен систем на вредности и кој што е во служба на пациентите. Од таа гледна точка јас повикувам и со овој аманман сакам да дадам еден сигнал за достоинствено почитување на тие кои што во медицината веќе достигнале одредени нивоа и кои што и таму се почитуваат за да тие имаат право. Затоа што се претпоставува дека имаат и капацитет да им биде даден овој сертификат за директори по тој основ, затоа што како што реков тој им служи на самото здравство и здравствената дејност. Во однос на начинот на прашување и прашалници, компјутерски, некомпјутерски, мислам дека тоа е нормална работа. Сега и студентите така одговараат. Веќе Стоматолошкиот факултет по повеќе предмети има воведено компјутерски начин на оценување, па и многу други факултети, но тоа не е дека тие не полагаат, или не се поставуваат во еден чин кој што не е соодветен на потребата, на почитување на тие личности поради медицината, не поради нив самите. И затоа јас почитувајќи ги аргументите кои што ги кажа и господинот заменик министер, сепак мислам дека има простор за сочувување на дигнитетот и на таа хиерархиска поставеност која што за жал, јас тоа го признавам, подолго време ние на некој начин ја омаловажуваме.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине претседателе. Како лаик во областа на здравството но од аспект на дискусиите и начелата би го нагласил фактот дека оваа владина гарнитура прави една голема пропаганда дека наводно во однос на закони и пракси кои се применуваат во Германија, или во развиените земји во начело доколку како што е системот на вредности добро поставен и се има взаемна почит од аспект, како што се говори овде за испитот за директор кој господинот заменик министер го спомна. Овде имаме друр проблем, а тоа е по маската на модерните закони и пропагандата која се врши. Од друга страна има постапки како што се изменување со една владина одлука на раководни функции по јавните претпријатија што не кореспондира со тоа што се вели и за овој закон и за овој амандман дека ќе се воспостават норми и нови оценки било и со компјутер. Доколку се воспостават партиски луѓе и сигурно дека во овие комисии кои ја оценуваат работата на еден примариус, или на еден доктор, професор и друг, кој ќе биде тој кој ќе гарантира дека било и со компјутер нема да се направат злоупотреби, или нема да се негира правото на стручњаците и докажани луѓе за да бидат директори, бидејќи не се, или нема да се оценат од таа комисија како погодни. Ова е една стара терминологија, но сеуште актуелна. Значи, политички погодни. Значи, овде е проблемот кои ќе бидат критериумите и каква ќе биде контролата кога гледаме дека оваа Влада врши партизации од сите аспекти и кој ќе ни гарантира дека нема да има партизација и во оваа насока кои ќе определат и утврдат кој човек е погоден за да биде директор, или кој стручњак може да биде директор на некоја клиника, или на друга јавна здравствена установа. Значи, овде е проблемот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Роза Топузова - Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе. Сосема на кратко со оглед на тоа дека не помина претходно амандманот кој што беше предложен од пратеничката група на Либерално-декомкратската партија. Сакам да дадам поддршка на овој амандман и се надевам дека барем колегите пратеници сосема сериозно ќе размислат околу овој амандман каде што се вели дека здравствените работници кои се стекнале со звањето магистер, или доктор од областа на медицинските науки би требало да бидат ослободени од полагање на испитот за директор. Ние се залагавме воопшто да не се полага овој  испит за директор, поготово јас напоменав, затоа што овој член не е до крај дефиниран, односно не е многу јасен. И особено кај мене се наметна дилемата околу школата која што е осонована за јавно здравство и постдипломски студии во неа. Јас и претходно кажав и сега ќе повторам, дали и предавачи на оваа школа за јавно здравство, или магистри ќе треба да полагаат испит за директор. Тогаш, која е целта на постоењето на оваа школа и тоа да го полагаат испитот за директор. Исто се однесува и во врска со овој амандман, значи магистри и доктори на медицински науки да полагаат ни малку, ни повеќе, туку пред некој вработен односно двајца вработени од Министерството за здравство и еден вработен од Министерството за финансии. Поради нелогичноста на вака дефинираниот член 6 во Законот за здравствена заштита сметам дека ако веќе не се прифати амандманот кој што беше предложен од Пратеничката група на ЛДП, барем колегите пратеници ќе дадат поддршка на овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 16, воздржани нема, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 5 поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Овој амандман се однесува на полагањето на испит и двојното менаџирање во здравството.

Би сакала пред да поминам на ставот 5 да ги поддржам колегите кои дискутираа досега во однос на двојното менаџирање. Двојното менаџирање не е нова работа која се донесува со овој закон, затоа што секој кој работел во јавна здравствена установа со државен капитал, знае дека генералниот директор, барем оние кои се малку умни, ја разбираат работата никогаш не потпишува ништо без претходно тоа да го погледа финансискиот директор и да помине ред бројни комисии од стручни, правни, економски итн.

Значи, секој не сакал да ја злоупотреби својата функција така работел и досега.

Немам ништо против и би го поддржала двојнот9о менаџирање во здравството од едноставна причина што тоа навистина на некои други места функционира, но функционира многу поинаку.

Значи оние директори кои се директори од областа на здравството во сопствената установа без оглед каква е таа, дали пружа интернистички, хирушки или дијагностички услуги најчесто се најстручните лица од таа установа без оглед на годините, туку со оглед на знаењето и титулите кои во текот на својот живот ги стекнале со стручност и со звање. И тука нема дискусија, тоа така треба да биде и кај нас, но во изминатото а и сега гледаме дека такво нешто не се случило.  Не треба да станува збор за такво нешто од едноставна причина што никој не може на еден трауматолог да му каже како да изменаџира една мулти контузиона или конфасазиона повреда на 4 члена од еден автомобил во сообраќајка. Самот тој знае тоа како да го изменаџира.

Нтиу може некој на некој онколог да му каже како треба да го изменаџира ракот на градите од прв, втор, трет или четврт статиум. Тоа само тој може да го прави. Само тој може да води грижа за болните од неговиот оддел.

Во однос на тоа не гледам дека има логика за полатгање на испит било каков од областа на здравството на било кој што ќе се нафати со полна свест и разум да директорува со една здравствена установа.

Во однос на менаџирањето во однос на финансиите повторно е специфична состојгата во Македонија затоа што јас сум била во странство, како и некои луѓе во Министерството за здравство и сум видела дека таму тие кои се менаџери од областа на здравството предаваат список на потреби на здравствената установа на оној кој води грижа за финансиите и понатаму воопшто ниту размилусваат, ниту дискутираат на таа тема, ниту некој ги проветува потребите на докторот менаџер во една, на пример хирушка болница која се бави со строгоспецијализирана дејнсот. Во наши услови менаџерот кој треба да се бави со економијата поради сиромаштијата и немаштијата во која се наоѓа земјата ќе биде принуден, сакал

или не да се меша во работата на здравственото лице менаџер при што и ќе дојдат во конфликт, но за тоа јас само предупредувам и оставам времето да си го каже своето.

Со оглед на тоа дека во блиското минато имавме такви искуства кога се прашува и се вели многу пари се потрошени за цитостатици, многу пари се потрошени за антибиотици, многу пари се потрошени за конци, многу пари се потрошени за завои велат финансиерите, а докторите кога ќе ги прашаме велат сето тоа е премалку во однос на она што го заслужуваат и им е потребно на пациентите.

Доколку овие доктори менаџери кои имаат и докторски и магистерски титули и искуство на директори од 4, 8, 12 години се согласат да го посетат менаџерскиот курс, што сметам дека е и во ред и нема ништо лошо во стекнување на нови и современи знаења сметам дека е прилично недостоинствено да го полагаат пред луѓе од Министерството не затоа што тие од Министерството не се вредни, туку затоа што тие од Министерството сепак имаат помали искуство во практичната здравствена работа не само од професорите, туку и од оние обични лекари кои целиот свој живот го поминуваат макар и во амбулантите на примарното здравство.

Притоа сметам дека и начинот на испитување не е важен. Важно е да се најде формата, значи испит во секој случај треба да постои ако веќе некој се согласил да го помине тој крус, иако има и други начини на кои можат да се проверат знаењето, односно со оглед на тоа што овој закон е пред еден испит сметам дека начинот на кој проверката на знаење се врши треба да биде достоинствен.

Значи, би поставила еден обичен едноставен пример и тој би гласел вака.

Ако еден редовен професор на Медицинскиот факлутет бил директор на клиника 4 години, па потоа бил министер за здравство уште 4 години кој е друг кој би можел него да го испрашува во однос на здравствтото освен некој поуспешен негов колега кој исто така е и професор, бил директор на клиника и бил министер, а нивната успешност е немерлива категорија, или можеби треба да воспоставиме критериуми за нивно мерење како директори и министри, всушност и е мерливо, но тогаш кога ние ќе поставиме реални принципи на мерење на соодветната работа.

Конечно кога веќе сме кај испитот и она на што се однесува нашиот амандман во однос на економистите и правниците менаџери не би коментирала, но во однос на докторите менаџери си го задржувам правото да ја бранам струката и да прокоментирам.

Ако веќе сме ги довеле во ситуација тие луѓе да полагаат испит на 6 неделен курс во кој што според Програмата што јас ја видов навистина има и делови од финансиско работење, има и делови од здравствено работење без доктринарни ставови што ги донела оваа држава за да можат да бидат применети со таков курс, значи странските предава чи знаат што прават, но ние сеуште не сме го достигнале тоа ниво за да знаеме што сериозно ваквите курсеви за наши услови навистина треба да содржат. Сметам дека докторите ако воопшто полагаат таков испит треба да полагаат од областа на економијата и финансиите. Во тој случај тоа би требало да го направат пред финансиски експерти што во ваквиот случај при прифаќање на овој закон, кој мнозинството секако ќе го изгласа, сметам дека треба да биде со погоелм број на членови од Министерството за финансии.

Јас повторно како и кај сите други амандмани на сите други членови барем колегите доктори ќе ги замолам сериозно да го разгледаат ова прашање и да гласаат по совест а не по партиски став. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Каревска-Топузова.

**Роза Каревска-Топузова:** Благодарам претседателе.

Морам да признам јас не сум доктор, не сум лекар, меѓутоа изненадена сум од колегите кои се занимаваат со оваа хумана професија вклучувајќи го и заменик министерот за здравство со каква леснотија се отфрлаат амандманите што се предложени од колегите пратеници и тоа без на некој од нив да се даде соодветно образложение. Најверојатно затоа што амандманите се предложени од пратениците од опозицијата иако да бидам искрена не очекував дека можеби ќе се прифати амандманот што беше предложен во оваа слична насока за што досега зборуваше мојата почитувана колешка Весна Јаневска, од пратеничката група на ЛДП и од господинот Азис Положани сепак очекував дека барем овој амандман предложен од колешката Весна Јаневска и останатите колеги од ВМРО-Народна партија ќе биде прифатен затоа што во голема мера го содржи она за кое што јас говорев претходно образложувајќи го амандманот предложен од нашата пратеничка група и амандманот на колегата Азис Положани.

Навистина сум изненадена зошто заменикот на министерот не размисли и не го прифати овој амандман со тоа што во голема мера барем донекаде се овозможува да не биде до крај деградирана професијата доктор особено на оние кои што имаат повеќе од високо образование односно магистратури и докторати од медицинските науки одбрането пред еминентни научници од оваа област и сега треба да полагаат и тоа по Програма која што во дел, се сложувам е околу финансирањето и менаџирањето, межеби тука и може да се разговара, се согласувам дека лицата кои што се менаџери а доаѓаат економските науки треба да го полагаат овој испит, но навистина докторки кои што магистрирале, докторирале, се стекнале со

највисоки звања со голем број објавени научни и стручни трудови не само во земјата, туку и надвор кои што многу успешно ја презентираат нашата земја, кои што се еден вид амбасадори на нашата земја преку бројни симпозиуми излагајќи го своето знаење, кое што навистина е на многу високо научно ниво сега ќе треба да полагаат испит за директор и тоа од областа на познавањата на медицинските науки пред двајца вработени во Министерството за здравство. Дали тоа значи дека тие двајца вработени во Министерството за здравство ќе бидат само дипломирани лекари или пак без разлика, дури и да ги имаат повисоките звања и функции не е добро нивните колеги кои што веќе сереномирале, реномирани луѓе кои што се значајно истакнати во својата област и надвор од грнаиците на Република Македонија ќе треба да го полагаат овој испит. Мислев дека навистина овој амандман ќе биде прифатен. Доколку не е прифатен од заменикот министер очекувам колегите пратеници да размислат, затоа што во голема мера е подобар од она што овде ни се нуди како решение и ги ослободува барем овие луѓе, за кои што кажав и до некое ниво го враќа достоинството на оваа хумана професија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресто по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници гласале, за гласале 12, воздржани еден и против еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 5 поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Ларазевиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Азис Положани. Повелете.

**Азис Положани:** Не знам колку аргументите се причина врз кои се суди, но јас ќе се потрудам уште еднаш преку овој амандман да го ориентирам вниманието на пратениците за потребата во овој случај, со оглед на фактот дека не се прифатија претходните амандмани, значи потребата да го покачиме нивото на Комисијата која евентуално ќе ги испрашува кандидатите да биде во еден состав кој е посеопфатен и кој во себе ќе застапува една варијанта на хиерархиско пизиционирање и ќе може да ја извршува работата која е предвидена и има за цел со законот, но истовремено со тоа да го сочува достоинството на овој сегмент на здравствената дејност како нешто што не е ниту дадено со закон, како што нагласив и претходно и ниту може да се повреди на еден ваков начин.

Предложениот амандман е во однос на составот на Комисијата за полагање. Бидејќи не се прифатија досегашните амандмани и како што реков ќе бидам начелен до крај, навистина доколку нешто треба да се преземе треба да се увиди дека законот или членовите треба да бидат навистина и во функција на други здравствени начела.

Значи, јас предлагам освен три члена на Комисијата предвидени во членот 6 став 5 од овој закон, не да се отстранат тие три кои се од Министерството за здравство и од Министерството за финансии, туку да се додадат уште два члена, значи оваа Комисија да биде 5 члена кои ќе ја состават листата на прашалникот, или ќе го реализираат било да е компјутерски, или пишан начин. Значи, да има уште два члена од Медицинскиот факултет, секако тоа ќе бидат области кои се во однос на менаџирањето . Како членови од Факултетот тие задолжително имаат и звања. Имаат академски звања, или стручни, образовни звања и додавајќи ги на овие три члена кои треба да бидат со звања, но не се задолжителни, бидејќи доаѓаат од адмнистративни, управни институти од соодветните министерства, здравство и финансии и додавајќи ги овие два члена со академско ниво и воспитно образовно звање мислам дека може да се подобри составот на оваа испитна комисија и исто така во овие околности да биде во функција на сочувувањето на достоинството и кога еден или двајца професори ќе учествуваат, затоа што доаѓаат од медицинскиот факултет во соодветната комисија за полагање мислам дека ќе се сочува тоа што се распраавше претходно и достоинството на лекарите и ќе се продолжи со духот на зачувување на хиерархијата и достоинството во здравството и зошто да не кажам, ќе се одрази со една филозофија блиска до нас како балканци, конфуцијазна која сите знаете дека пред се треба да се почитува родителот и наставникот и учителот или педагогот. Затоа сосема со цел да се подобри овој закон и зајакнувањето на кредибилноста на Комисијата за полагање го предлагам овој амандман. Значи, наместо три члена оваа комисија да има пет члена од кои освен тие три члена што се предвидени со овој закон да им се додадат уште два члена од медицинскиот факултет со замисла и знаејќи дека тие се со академско звање или воспитно образовно соодветно звање кои ќе имаат кредибилитет и легитимитет и ќе го имаат хиерархискиот дух. Значи, тие кои ќе го полагаат испитот како се организира тој испит, компјутерски или писмен ќе се чувствува подобро и оддржувањето на овие релации не е од интерес на лицата, на лекарот кој го полага испитот или другиот господин кој испрашува, туку е во функција на сочувувањето на здравствената служба и услуга и

кредибилноста на оваа професија за која има потреба болеста. Значи болеста и пациентот имаат потреба од ова и да се сочуваат овие внатрешни вредности кои и на овој начин се трудам да ги одржам со овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, а гласале 60. За гласале 12, воздржани нема и против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање три нови става по ставот 6 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Ако за претходните амандмани имав некоја дилема дали ќе бидат прифатени или не, овој очекував да се прифати дотолку повеќе што Министерството цело време говореше дека се залага за подигање на стручноста и компетентноста при обавување на оваа така значајна функција директор на Јавните здравствени установи. Меѓутоа, за жал, се покажа сосема спротивно дека овој закон во најголема мера се носи само со една единствена цел, до крај да се деградира професијата доктор, односно се со една единствена цел оваа хумана професија да не го добие она значајно место кое треба да го има. Во таа насока е и медиумската кампања која неколку месеци се води против докторите, нарекувајќи ги сите доктори “бела мафија”, корумпирани итн. Јас реков дека навистина и доколку има корумпираност во здравството, а сите овде се согласивме дека има, дека не сите доктори се корумпирани и вие сте на власт, ваше е да ги детектирате и санкционирате корумпираните доктори. Тука ви давам апсолутна подршка, со тоа што ќе се оделат оние што се корумпирани од оние што чесно и достоинствено си ја обавуваат оваа професија.

За жал, не гледам зошто не се прифати овој амандман. Сега да говорам овде и да го убедувам парламентарното мнозинство мислам дека немам голем ефект, ако пред празниците кога говоревме за Буџетот парламентарното мнозинство беше зафатено од претпразнична еуфорија, сега гледам некоја постпразнична летаргија, така што добивам впечаток дека воопшто не се слушаме што говориме. Сепак, за јавноста ќе прочитам што е овој амандман и зошто би сакала министерот да ми објасни зошто не е прифатен.

Имено, за кандидатите за директор предлагаме за општа болница и клиничка болница да биде специјалист од областите кои се обавуваат во болницата со најмалку 3 години стаж како специјалист, значи од тие области. Потоа, кандидатот за директор на специјална болница, Завод за здравствена заштита и институт потребно е да е специјалист од областите кои се обавуваат во установата со најмалку 5 години стаж како специјалист и кандидатот за директор на клиники и институти при Универзитетот, покрај условите од став 2, потребно е да има и наставно научно звање. Имено, колку што јас се сеќавам, така е предвидено и со Законот за научноистражувачка дејност донесен во 1994 година.

Не ми е јасно зошто овој амандман не е прифатен и дали не е логично стручњак од областа од која е и самата установа, без разлика дали се работи особено за секундарното и терцијалното здравство, треба да ја познава добро работата, да биде специјалист од областа или областите кои се содржани во оваа јавна здравствена установа или можеби така најдобро ви одговара, со оглед на тоа дека во Градскиот завод за здравствена заштита во овој момент за директор е поставен дипломиран биолог, ми се чини дека има некое звање по биохемија, без работно искуство и сега јас се прашувам како тој ќе го води стручниот колегиум и како ќе се залага за стручниот развој на оваа установа. Ако говориме дека ќе има два директори, од кои едниот ќе биде менаџер, односно ќе се бави со финансиите, што можеби е во ред, макар што околу тоа ќе говорам понатаму за одговорноста со врзаниот потпис кога ќе дојдеме до член 137 Е, ако веќе едниот е менаџер, што е добро, од друга страна овој што треба да се бави со стручните прашања, кој ќе биде надлежен за тоа, нема специјализација од областа од која е оваа здравствена установа. Според мене, апсолутно е нелогично да не биде прифатен овој амандман, но очекувам колегите од парламентарното мнозинство, доколку слушнаа за што се работи, нема ништо лошо во амандманот, нема ништо што е спорно со целиот закон, туку напротив, со овој амандман се подигнува нивото на стручност и компетентност кај оние директори кои ќе ги водат здравствените установи, односно ќе бидат стручни директори, како што овде ги имаме, визави оние што ќе бидат менаџери.

Очекувам дека овој амандман ќе добие подршка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитуван претставник на Владата,

Со задоволство ВМРО Народна партија ќе го подржи овој амандман кој доаѓа од пратениците Роза Топузова, Андреј Жерновски и Слбодан Најдовски и мислам дека навистина станува збор во суштина за технички амандман кој нема причина зошто да се одбие, а е во врска и со други закони кои се во сила во Република Македонија.

За да не се повторувам и да не го образложувам она што веќе госпоѓа Роза Топузова Каревска го кажа, само би потенцирала дека за овие установи кои се наброени во овој амандман навистина има објективна потреба од овие услови кои треба луѓето кои ќе бидат директори или менаџери или кои ќе ги водат да ги исполнат. По закон, за да една институција биде наречена институција, потребно е во неа да работат најмалку тројца доктори на науки, двајца магистри, итн, што значи дека овој амандман е издржан и нема причина зошто Владата не би го прифатила, затоа што само вака обезбедува сериозна гаранција дека она што тој ќе раководи со институцијата ќе го сработи така како што треба.

Ние ќе го подржиме овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 14, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137А поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Повеќе и заради јавноста јас сакам да го објаснам амандманот, затоа што веќе е очигледно дека Владата и мнозинството инсистира на тоа што е дадено како предлог, без можност да се подобрува, во интререс на целта на самиот закон. Имено, со овој амандман јас предлагам и во вакви услови, и кога се работи за следните институции, управните одбори не смеат да се сведуваат на една "пука" формалност, на една празна структура, која само формално на некој начин постои и со овој закон во однос на директорите не се дава апсолутно ниедна ингеренција, во смисла не на најголемата ингеренција за именување, како што е во процесот на децентрализација направено со училиштата, затоа што здравствените установи не се децентрализираат по ист принцип како и училиштата, но управните одбори немаат ниедна ингеренција, само да ги приберат документите и во куп ги предаваат само кај министерот и кај Здравствениот совет, мислам дека не е соодветна на трендот на соодветната распределба на одговорноста во овие институции, за да ги направиме сите на некој начин носители на одговорноста. Го прифаќам фактот дека во таква состојба во каква е сега здравството и како што биле менаџирани установите многу подолго време, значи не само еден мандат, не е можно да им се даде цела одговорност и за именување. Апсолутно е неприфатливо тие барем да немаат можност да рангираат, според нивните сознанија, на кандидатите кои се таму предложени. Само да ги рангираат, а министерот од нив после нека избира или тој што е рангиран прв, односно на своја одговорност нека го избере и тој што е рангиран последен, но да се знае улогата на управниот одбор, кој и онака има некој ингеренции во верификација на некои постапки на директорите итн, да се отсликува и тука барем минимум преку рангирање, за да кога нешто не ќе функционира или ќе пропадне некој проект, и тие на некој начин да се чувствуваат одговорни. Инаку, ваквата концентрација, сета одговорноста да биде само кај министерот, мислам дека ќе го оптовари министерот со некои одговорности и тој не ќе може објективно да се носи со таквите одговорности поради импактот што го имаат и локално, пациентите, месното население, итн, врз база на оценка на луѓето, кои не мора министерот секогаш да ги знае. Министерот треба да ја има таа можност или привилегија, да има рангирана листа на предложените кандидати, а со тоа на некој начин да ја сподели одговорноста со тие што рангирале и во случај на одговорност да бара и од нив одговорност ако пропадне прворангираниот, условно да кажам. Ние ги именуваме директорите, не ги менуваме одборите на здравствените установи или обратно, поради политички причини ги менуваме со политички критериум одборите, а директорот останува без разлика на резултатите.

Очекувам тука да има поголема одговорност за директорите и овој дел на законот да се спроведува после 6 месеци, со евалуација, верификација итн, но без никаква одговорност на директорите, на бордовите на здравствените установи, мислам дека не е во духот, во смисла на содржинат не е во духот на тоа што значи едан распределба на одговорност и социјализација на одговорноста и на чекорите што треба да бидат превземени.

Предлагам во овој член министерот да ги именува директорити врз база на конкурс, а одборот на здравствената установа да може да предложи

ранг листа. Со тоа мислам дека ќе се избалансира и ќе се распредели по соодветно одговорноста, тие што ја предлагаат ранг листата мислам дека ќе преземат дел од одгороворноста која им следи, после мислењето за кандидатите од советот, како што е предвидено, не е проблем да има, но мислам дека не е добро бордот на здравствената установа да нема апсолутно никаква ингеренција, а ги именува Владата, во поголемиот дел, и нешто локалната самоуправа, еден или двајца, како што е според законот.

Ценам дека овој амандман би требало да се прифати поради духот и филозофијата на менаџирање на установите во едно демократско општество. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Со оглед на тоа дека ние имаме поднесено два речиси идентични амандмани во кои во едниот предлагаме управниот одбор да формира три члена комисија која ќе ги разгледа документите и ќе изврши рангирање на кандидатите според критериуми, кои би требало да бидат утврдени со правилник кој ќе го донесе Министерството за здравство, значи тој допрва би требало да биде донесен, сметам дека овој амандман кој го предлага господин Положани е сосаме во ред. Сме предложиле уште еден дека документацијата треба таа комисија од управниот одбор да ја направи, што сметам дека ќе придонесе за поголема сериозност во донесувањето на одлуката за бирање на менаџери, во департицацијата и конечно во вреднување во систем на вредности, односно систем на критериуми кои ќе бидат објективни и ќе придонесат за поуспешно менаџирање во областа на здравството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претрестот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 14, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член137В за менување на став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го приваќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Членот 137В гласи дека “подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор ја врши Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје, при што ангажира и стручни лица од Министерството за здравство и Министерството за финансии. Понатаму трошоците за подготовката на кандидатот за директор за полагање на испит за директор и трошоците за полагање на испитот паѓаат на товар на кандидатот. Содржината на програмата и начинот на полагање на испитот за директор, како и формата, содржината на образецот, на уверението ги потпишува министерот за здравство во согласност со минстерот за финансии”.

За вторите два става во принцип немаме коментар, иако би имало многу што да се издискутира, но во однос на привиот став, значи подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор ја врши Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, при што ангажира стручни лица од Министерството за здравство и Минстерството за финансии. Сметаме дека треба да се измени и да гласи: Подготовката на кандидатите за полагање на испит за директор ја врши Министерството за здравство, при што ангажира и стручни лица од Министерството за финансии. Со оглед на тоа дека за директори на здравствени установи може да се кандидираат само лица со завршено високо образование од обласат на медицинските или стоматолошките науки, со најмалку работно искуство од 5 години или лице со завршено високо образование од областа на економските науки или јавноздравствен менаџмент со најмалку работно искуство од 3 години не е логично испитот да се полага на Медицинскиот факултет. Значи сега е еден обратен став, при што сакам да покажам дека има недоискажаности и правни контрадикторности во овој предложен закон. Имено, знаењето на директорите од редот на здравствените работници веќе било проверено на Медицинскиот факултет и за тоа веќе разговарав во претходните дискусии за нивото на испитувачите, за нивото на оние кои ќе бидат испитувани и за изгледот на таа комисија кој треба да го има за да биде полагањето на испитот достоинствено. Значи луѓе кои специјализирале, кои имаа работно искуство од 5 години во својат специјализација, кои во меѓувреме станале магистри, станале доктори на науки и не мора да имаат титула да бидат во наставни знаења, тие во својата област се суверени и тоа државата еднаш им го признала, со самото докторирање, со самата рецензија, со самата одбрана на докторатот која е јавна, државата и Минстерството за здравство и Универзитетот “Св Кирил и Методиј” им признал дека се експерти во својата област. Значи во однос на медицинските знаења нема што да полагаат при Медицинскиот факултет. Овој член би требало да биде доизречен, местото каде што ќе се полага ќе биде

Медицинскиот факултет, а комисијата ќе биде составена од тие и тие, бидејќи не се полага медицина туку се полага менаџирање или раководење со пари, сметам кога веќе нешто би требало да усогласува и да доведеме во некоков ред, во тој случај тие што испрашуваат би требало да бидат од Министерството за финансии, но не луѓе кои теоретски се бават со финансии и со раководење, туку навистина експерти кои државата, министерствата ќе ги одредат. Тоа не е тешка работа. Такви прашања се одреден квантум кои може да ги има и ги има во другите држави, на интернет, можат да се најдат во разни учебници и помагала за менаџирање, значи тие би требало да го спроведат испитот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземаат своите места.

Службите ги молам да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ќе го повториме гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземаат своите места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Нека се потрудат координаторите, ве молам.

Давам пет минути пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,51 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам службите да избројат колку пратеници има во салата.

(Службите бројат колку пратеници има во салата).

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 7, воздржано нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-В, за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Положани Азис, повелете.

**Азис Положани:** Поради дисциплинските, сигурно и желбата да се подобрат решенијата од законот, ќе се обидам и овој амандман да го образложам, со надеж дека мнозинството ќе смогне сили и ќе ги прифати аргументите. Имено, кои се тие аргументи?

Во членот 7 и потчленовите, поточно во членот 137-В, се регулира начинот на кандидирање, давање испити и другата постапка поврзана со избор на директор, исто така и начинот на кој што се пријавуваат кандидатите за курсот за директори.

Поради една вистина што не може да се премолчи, тоа е фактот што, ако веќе сите оние кои конкурираат сами ги плаќаат трошоците и треба да има некој објективен критериум, гарантиран со закон дека тие имаат право и при својата пријава никој не ќе им го одземе тоа право да тие се школуваат на тој курс. Затоа што тоа не значи дека сите ќе бидат директори. Повторно, очигледно, партиите ќе одлучуваат кој ќе биде директор. Јас тука можам малку да помогнам, но минимум што треба да се направи, преку закон да се воспостават објективни критериуми и можности за право на конкурс и, на некој начин доживотно учење. Ова е еден сегмент од тој концепт на доживотно учење каде што луѓето се надградуваат. Тие се едуцираат. А, дали ќе успеат да бидат директори или не, ќе бидат привилегирани, тоа е друга работа.

Затоа јас предлагам, кога ќе се пријават на тој конкурс за директори, да имаат право сите тие кои сум ги предвидил тука, со амандманот, кои завршиле медицина, па сум ставил и со три години искуство и другите професии кои се предвидени со закон, исто така со одредено искуство, сите тие да се примат и да нема таму партиски избор. Затоа што во Предлогот на закон се вели дека ќе се пријавуваат вакви и такви, а нема објективен критериум за реализација на тоа право. А, знаеме дека правото се реализира со закон. Не можат да бидат предмет на нечија арбитрарна одлука или изборност, ако нема со закон предвидени критериуми.

Затоа јас предлагам, не нарушувајќи го концептот на тоа што е предложено како постапка по сите тие, нормално сум предложил и други амандмани врзани со ова, но ненарушувајќи го концептот, да има објективни критериуми тие да се прифатат сите. Не мора сите во една сесија. Ако треба само 50 овој пат, на другите 50 ќе се каже тој ден или тој месец, третиот, петиот, шестиот, но сите да знаат дека ако ги исполнуваат условите предвидени со закон, тие ќе имаат право таму да се школуваат.

Тоа го покренав и во општата дебата, каде што ми беше кажано дека не, како што ние политичарите

секогаш кажуваме дека нема да има партиски клуч, секогаш тоа го кажуваме, но да се верува на тоа не може без тоа да биде предвидено со закон.

Тоа што министерот или заменикот министер или било кој друг од страна на мнозинството сака да укаже дека веќе нема да се водат партиски политики во здравствените установи и здравствената политика, туку таму ќе имаат право сите да влезат, да полагаат испит, па нека биде избран најдобриот како директор, јас тоа на некој начин го ставам во закон преку амандманов. Да имаат право сите тие. А динамиката кој ќе биде прв, кој ќе биде последен, не е битна. Битна е да оние кои ги исполнуваат објективните критериуми, да не бидат одбиени според законот, а не според тоа дека треба некој да каже дека ние ве назначивме како директор, па после тие кои мислиме дека ќе дојдат, исто така наши, па ќе ги сменат овие неспособни, па после ќе дојдат пак оние што ние ќе оцениме, мислам дека тоа не е добар пристап. Тоа е дополнително оптоварување на процесот на политизација и партизација на здравствениот систем што беше една од трагичните компоненти и моменти што не доведоа до вакво дереџе.

Ако навистина сакате да ви верувам дека правите нешто друго, дека правите нешто што не било направено до сега или спротивно на тие негативни аспекти кои не доведуваат до овој момент, мислам дека е минимум, барем за кандидатите за директори во Школото за менаџмент да се прифатат сите тие кои ги исполнуваат објективените критериуми предвидени со Закон. Тоа е, да имаат, според мојот амандман, завршено Медицински факултет, сум напишал, знаејќи ја тежината на таа функција и минимум три години работно искуство и други кои завршиле економски науки или јавен здравствен менаџмент со три години работно искуство.

Значи, тие мора да имаат некоја основа и некое мало искуство во тој домен, се согласувам со тоа, стандардот мора да биде повисок, но со Закон треба да им биде загарантирано правото дека таму никој нема да ги одбие, а партијата која не сака да ги направи директори, нека си живее со таа одговорност или нека си одлучи како што сака. Да се заврши таа Школа не значи да се биде директор, туку значи да биде надграден, да биде едуциран дополнително со ова училиште поготово кога тие средства за таа надградба тој самиот ги плаќа.

Мислам дека ако се одбие и овој амандман, јас почнувам да се сомневам во целта на тоа што беше искажано подолго време со некои убави зборови. Ако се одбиваат и вакви амандмани кои се во функција на консолидација на процедурата и наметнување на некои објективни, минимум стандарди во функција на поквалитетни не партиски одредена линија на избор, тогаш навистина имам право, а и јавноста, очекувам да се сомнева во намерата, без разлика како било искажано.

Изненаден од одбивањето од страна на заменик министерот очекував дека мнозинството како пратеници не смеат да дозволат со така хипотетична ситуација да се школуваат односно надградуваат само луѓе на кои ништо не им е загарантирано со закон дека ќе реализираат некое право. Сите знаеме дека правата мора да бидат предмет на законски решенија. Правото на надградба не право на директор, тој не се стекнал со тоа право да биде директор, туку да се дошколува. Му припаѓа на сите и тоа треба со закон да се уредува, а не да биде предмет на аргументација или партиско арбитрирање во овој сегмент како што нема да биде добро за реформите и за самото здравство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 од кои за гласале 11, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-в став 3, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се одбива.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Добро е што заменик министерот рече дека се одбива амандманот наместо да рече не се прифаќа. И тоа е добро во вакви околности.

Имено, овој амандман е поврзан со претходниот со амандмани на други колеги каде освен овие тројца кои ќе бидат назначени од министерот за здравство и финансии да бидат уште двајца од Медицинскиот факултет, сега следствено на тоа и содржината на програмата за начинот на полагање на испит за директор како и самата содржина на уверението ги пропишува министерот за здравство во согласност со министерот за финансии и јас додадов и установата која врши подготовка на кандидати за полагање на испит за директор.

Во тој случај кога би се прифатил амандманот или претходниот или во случај еден ден поради фактот што Школата за јавно здравство преку постдипломски студии за јавното здравство Министерството ќе оцени дека се школувале доволен број кадри со магистерски титули кои можат да ги покријат потребите за водење на

установите по тој основ значи магистри и специјалисти по јавно здравство кои се многу подобри од тие што за три месеци ќе се здобијат со некоја услуга, во тој случај може овој дел да служи при испитот да се вклучат и тие кои тогаш ќе ја водат обуката за јавното здравство, односно испитот за директори. Како што би требало да се очекува оваа фаза на подготовка на Школа за менаџери мора да биде привремена во услови кога имаме магистериум за иста цел значи магистри по менаџмент во здравството што се случува овде во Скопје, како редовна форма на образовна процедура, а не неформална каде спаѓаат курсевите.

Затоа овој амандман би можел да послужи во моментот кога може да се повлече привременото решение со привремени курсеви и да се повикуваме на менаџери кои се магистри, а произлезени од формалното образование како второстепено образование од Медицинскиот факултет.

Затоа не гледам ништо лошо уште од сега да се предвидат такви состојби, а бидејќи беа одбиени и претходните амандмани, се согласувам дека овој амандман може да служи само во таква состојба кога би престанала функцијата на оваа процедура на неформално образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 од кои за гласале 9, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-г став 1, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас со мојата дискусија ќе се обидам да извлечам објаснување од заменикот министер зошто не го прифаќа овој амандман. Како што гледате тие што го имаат амандманот пред себе, се работи за имплементација на една уставна категорија на начин на кој се објавуваат конкурсите.

Во Законот за државни службеници и на сите установи предвидено е при секој конкурс, конкурсот да биде објавен на македонски јазик и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од населението. Јас мислам дека со овој амандман само надополнуваме еден пропуст кој е направен во овој член, тоа е уставна категорија, и е закон кој произлегува од другите закони кои ги уредуваат работните односи. Затоа мслам поради важноста на овој сегмент назначување на директори и тука треба да биде назначено за да немаме можности по други закони Инспекцијата за труд да може да го прогласи некој евентуален закон како незаконски спроведен. При објавување на конкурсот и во јавната администрација и во установите, јавните институции треба да се почитува принципот на објавување на конкурс не само на македонски јазик, туку и на јазикот кој го зборуваат повеќе од 20%, т.е. на албанскиот јазик.

Ова е во функција на дополнување на еден, по мене, пропуст и тука нема никаква причина, можеби има некое друго решение заменик министерот и ако мисли дека го одбил амандманот според дифол, на некој начин, мислам ако нема друго објаснување јас би побарал да се направи една мала консултација и да се види, како што реков, е во функција на со Устав предвидено и гарантирано право.

Законот за работни односи и сите други закони предвидуваат и ако тоа не биде назначено во овој закон нема да го спроведат некои институции кои сакаат да избегнат или да направат пропуст поради неуредената материја во овој закон тоа ќе биде причина за поништување на конкурсот ако тоа не го направиле и ќе ги одложат процедурите.

Затоа барам од парламентарното мнозинство да се консултира и да се направи соодветна консултација и овој амандман да се прифати за доброто на процедурата на именување на директори затоа што, како што реков, тоа е уставна категорија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Збор побара заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе и му благодарам на пратеникот Азис Положани за едно дообјаснување. Министерството за здравство секогаш ги објавува јавните конкурси и на албански и на македонски јазик и ние тоа како нормално го правиме. Не сметаме дека како законска обврска треба да биде. Конкретно да кажеме огласот кој се објавуваше за повикот за менаџери беше објавен и на албански и на македонски во весниците и на албански и на македонски јазик. Така ќе биде и понатаму без да има законска основа за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има реплика Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Навистина сум изненаден на ваквиот начин на интерпретација на правото. Тоа е право господине заменик министер. Не може да се надмине со уверување дека вие ќе постапите вака или така. Овој закон не се прави ниту за одреден момент ниту за одредена структура ниту за одредени состојби или е рефлексија. Правото

може да биде рефлексија на одредена желба или политички став во еден момент. Политичкиот став кој е позитивен во многу институции, а не кај сите, мислам дека е валиден само ако се преточи во закон. Ако вие не го прифаќате затоа што, како што реков, е во духот на решавање на таквите проблеми во сите закони, а парламентарното мнозинство не го изгласа, верувајте дека ќе направите штета и политичка грешка. Не може тоа што е право и што произлегува од Уставот да биде предмет на една добра волја или на моментален ваков или онаков став. Тоа е одредба која е во сите закони кои ја уредуваат оваа материја.

Јас можам да го сфатам заменикот министер кој можеби е неупатен во административните постапки за овој сегмент од дејноста, но ова е минимум кое е предвидено во сите закони, па треба и овде. Тоа е предвидено по Законот за работни односи и ако тука не го предвидиме, јас ја покажувам и практичната страна дека може утре да биде поништен конкурсот поради таа причина, а некој директор ќе се повикува дека не ми пишуваше во мојот закон, во Законот за здравство таква работа и затоа, а општиот Закон за работни односи е системски закон кој на некој начин имплицира и кај сите други тоа да се спроведе.

Јас пак инсистирам, немам друг начин да ве уверам, дека гласањето или прифаќањето на оваа одредба ниту го оштетува ниту го прави различен овој закон од другите закони, туку само имплементира нешто што е веќе имплементирано и со закон гарантирано.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се пријавени Агрон Буџаку и Бесим Догани.

**Агрон Буџаку:** Може да се земе како реплика иако не е тука заменик министерот, но сепак ќе говорам како да имам земено збор.

Мислам дека тука не треба да се дискутира, туку треба пет минути пауза затоа што ова е грешка и доколку ВМРО-ДПМНЕ не ги слуша дискусиите кои ги говориме на албански јазик, јас мислам од оваа причина колегата Положани говореше на македонски јазик за да се разбереме затоа што тука не се работи за тоа дали некој сака или има наредба да не се прифати ниту еден амандман. Тука се говори за една уставна норма или уставна обврска и не може со една таква леснотија која госпоѓа Топузова ја нарече по новогодишна летаргија, не се работи за тоа или дека некој добил наредба секогаш да притиска црвено копче, туку се работи за уставно право и не може со неслнотија да се остави на волја на некој да се аплицира една уставна норма или не и би требало во сите закони тоа да се аплицира. Или се работи за наредба или се работи за еден момент, не можеме ние да ги знаеме сите работи, јас не ја сфаќам оваа леснотија и на местото на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ би бил навреден затоа што не се дозволува ниту да се размислува во парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ за што се работи. Не само што не не слушаат, туку и не размислуваат затоа што не можат со толкава леснотија да се прекршува уставот. Утре ќе донесеме нов закон и наводно или од наредбите или од незнаење го прекршуваат Уставот. Ова е недозволиво господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседателе.

Мислам дека до сега имаше вообичаена пракса според која конкурсите и сите јавни објавувања се правени на два јазици и на албански јазик, но, како и да е не смееме да го запоставиме тоа што фактички е уставна категорија и затоа би предложил или заменикот министер да го прифати овој дел од амандманот или како што е кажано ние како ДПА или како дел од владината коалиција ќе го поддржиме овој амандман.

Но, најдобро би било претставникот на Министерството за здравство да го прифати овој амандман. Мислам дека се говори за еден технички пропуст. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави заменикот министер, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе.

Би сакал да направам едно кратко појаснување и да ја повлечам мојата претходна изјава, практично, ние би сакале да го прифатиме овој амандман од причини што, како што претходно реков, ние го спроведуваме Законот, меѓутоа, во интерес на политичкиот дијалог сметаме дека овој амандман е позитивен, нема никаква причина да не се прифати и затоа Владата ќе го прифати овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-г за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Очекував дека тргнавме во друга насока, можеби уште некој амандман ќе биде прифатен, но до крајот имаме повеќе од 12-тина амандмани, значи нашата надеж нема да не напушти, очекуваме

дека заменик министерот можеби ќе прифати нешто поготово што овој амандман се однесува исклучително на подобрување на текстот и давање на една поголема тежина на стручниот колегиум.

Имено заради јавноста јас ќе го прочитам.

Во членот 137-Г каде се уредува начинот на избор на директор на јавната здравствена установа, (распишувањето на конкурсот и постапката е регулирана), предлагаме наместо пристигнатите документи да ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од 8 дена од истекот на рокот во конкурсот, целокупната документација да ја достави до министерот за здравство. Нашиот предлог е овој став да се замени и вели - стручниот колегиум од кандидатите јавени на конкурсот, со тајно гласање, предлага стручен директор. Како предложени се сметаат сите оние кои добиле мнозинство гласови. Од нив министерот назначува стручен директор. Имено со ова сакавме прво да се дадат одредени поголеми ингеренции на стручниот колегиум, а основна цел беше да се постигнат пообјективни критериуми при изборот на директори на јавните здравствени установи, се со цел, за она за што сите ние овде се залагаме, да се избегне партизацијата во здравството односно во насока на департизација на директорите, подигање, како што реков, на објективните критериуми, подигање на стручноста и компетентноста при извршување на оваа значајна функција, директор на јавната здравствена установа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против гласале 53 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-Г став 3, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Доследен на тоа што до сега имав намера, преку моите амандмани, да го спроведам или да го подобрам законот, произлегува и овој амандман кој е поврзан со евентуално прифатените претходни амандмани, што не беше случај, но сепак ова е втора шанса да може парламентарното мнозинство да рефлектира во правец на зајакнување на институциите за спроведување на законитоста и соодветна распределба на одговорноста во едно демократско општество и во функција, како што беше кажано од еден претходен говорник, на деполитизацијата на здравствените установи. Тоа е во последнот став каде се уредува финалниот начин на избор на директори.

Јас амандманот предлагам управниот одбор да направи ранг листа на кандидатите кои се пријавиле и со тоа да си преземе дел од одговорноста за именување на кандидираните лица, а не оспорувам правото на министерот после од сите тие да го избере тој што мисли дека може подобро да ја спроведе неговата програма. Но, ќе повторам, во случај кога еден министер кој на некој начин треба да ги именува сите директори во Република Македонија, не е можно да има информации или пак некои сознанија за одредени нијанси или за подобра или помалку подобра прифатлива опција и за тие на кои тој ќе им служи, да кажеме во Струмица, Струга или Берово. Со тоа сакам да опстоиме на можноста и управниот одбор преку рангирање на кандидат за директор да преземе дел од одговорноста. Инаку тоа ќе се сведе само на управен одбор на институцијата кој само ќе ги прибира сите документи, ќе ги натрупа во Министерството и таму пак ќе оди партискиот комесар и ќе каже вака или онака. Управните одобори имаат одговорност за менаџирање. Не можеме апсолутно да ги исфрлиме од таа можност и одговорност. Затоа во таа смисла е и мојот предлог иако сака заменик министерот навистина да придонесе за дијалогот, нека го прифати овој амандман. Претходниот беше уставно мотивиран, без разлика на тоа што ние понекогаш го повикуваме на дијалог или не.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Навистина ме испровоцира една реченица од излагањето на колегата Положани, околу овој амандман, од неговото образложение, да се направи таа ранг листа од страна на управниот одбор, а потоа министерот ќе одлучи кого од ранг листата ќе го прими за директор. Тоа веќе е суспензија на ранг листа. Токму тоа е реченицата што ме испровоцира да се јавам за збор.

Ранг листата е нешто што го имавме во некои минати системи. За да постои ранг листа треба да има прецизирани услови и бодови кои треба да се добијат за определени услови, за да составите ранг листа.

Сега навистина мене ме интересира како управниот одбор и како тоа го замислува колегата Положани, ќе состави ранг листа според условите кои се пропишани овде, одреден број на години работен стаж, завршена соодветна школска подготовка итн. Значи управниот одбор ќе

определи дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите. Тие што не ги исполнуваат условите, нормално нема да се најдат на ранг листата. Меѓутоа за да биде таа рангирана, мора да постојат, јас се сеќавам на едни времиња, имаше таму време на чекање работа итн, и сето тоа одеше на таа ранг листа. Сега кога веќе тоа го нема, кога функционираме понекои други правила, ме интересира како би составиле ранг листа. Значи се јавив да го кажам тоа за да се види дека апсолутно е неприменлив и нефункционален овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Се согласувам со госпоѓа Лалчевска дека не само овој амандман туку има и многу други амандмани, или начинот на кој се правел законот има недоследности и празнини. Затоа јас инсистирав некои од нив да ги уредуваме со амандмани. А овој амандман сигурно дека би имал своја логика кога би се прифатиле и некои други амандмани, не само мои, бидејќи таму има и рангирање и начин како се рангира, или се повикува на некој законски акт или некоја уредба, зависи министерот како тоа ќе го направи. Се согласувам со тоа би можело да се дотера уште повеќе оваа материја, но гледам дека останува тешко спроведлив во услови кога веќе и другите амандмани, не само мои, не се прифатија.

Фактот дека има многу празнини и многу недоречености и некои недобри правни формулации, јас се согласувам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика, Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Бидејќи се усогласивме за неприменливоста на амандманот, колега можете да го повлечете амандманот, а понатаму да размислуваме, бидејќи овој закон навистина е многу често менуван, со оглед на сите реформи кои се случуваа во сферата на здравството и дајте да поработиме на еден нов интегрален закон. Нели ние сме законодавци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 6, воздржани нема, против гласале 51 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137-Г за менување на став 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ставот 3 од член 137-Г гласи: “Пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од 8 дена од истекот на рокот по конкурсот целокупната документација ја доставува до министерот за здравство.

Се прашувам која е улогата на трочлената комисија која ја избрал управниот одбор. Иако документите мора да поминат преку архива и во архивата да се провери дали се комплетирани, сега трочлената комисија ќе ги собира во една папка и претпоставувам после тоа ќе ги достави до Министерството. Барем јас, како лаик во однос на правото, го подразбирам.

Но, со оглед на тоа дека партиската работа опфаќа многу од правната струка, се потрудивме малку да го подобриме текстот на законот и да и дадеме суштинско значење на трочлената комисија и на управниот одбор во правец на функционирање на институциите на државата и во контролата на институциите на државата која меѓусебно треба да се ја вршат. Затоа велиме да изврши рангирање на кандидатите според критериуми утврдени со правилник кој го донесува министерот за здравство. Притоа, воопшто не сакаме да му ги одземеме ингеренциите на министерот и Министерството. Затоа предлагаме тој правилник на критериуми да го донесува Министерството и според тие критериуми министерот да се врши рангирање на кандидатите. Зошто? Од многу едноставна причина. Станува збор за работа и менаџирање со луѓе.

Според мене, мојот етички кодекс и мојата професија, нема ништо посвето од човековиот живот. Сметам дека тоа мислење го споделувате сите вие 120 присутни пратеници во салата. Значи не станува збор за менаџирање во стакларница, што исто така е многу значајно, бидејќи се пари во прашање, не станува збор за менаџирање во  фабрика за играчки. Станува збор за менаџирање на човечки животи односно на лекување на пациенти. Значи не зборувам за вториот менаџер кој се занимава со финансии. Во принцип зборувам за оној првиот кој треба да има медицинско образование.

Ќе бидам многу груба, но моите почитувани колеги кои работат со мене ќе ме разберат што сакам да кажам и да не навредам било кој друг, ќе дадам свој пример.

Ако јас сум професор во институт на Медицински факултет, одговорно тврдам дека моите колеги кои во моментот се на специјализација, не можат после моето 23 годишно искуство и знаење во однос на здравството да имаат еднакви знаења. Значи барем треба да ја завршат специјализацијата, треба да имаат одреден број на години. Тоа законот го предвидува, три и пет години. Но, навистина има здравствени институции во државата кои изискуваат и дополнителни критериуми. Како што еднаш веќе кажав од искуството што го имаме од западно европските развиени демократски земји, обично оној кој се занимава со здравствениот дел е еминентен стручњак, признат стручњак, стручњак што има најголем број решени случаи позитивно, е стручњак кој колегите го предложиле и го избрале. Значи има критериуми во однос на здравството кои можат да бидат објективно проценети и за да не бидеме недоизречени, сме рекле, по правилник кој ќе го изготви Министерството.

Ако претходниот амандман ни беше недоизречен, овој веруваме дека е изречен и веруваме дека за овој амандман ќе се најдат пратеници кои ќе гласаат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Очигледно дека со поднесувањето на овој амандман уште еднаш се потврди нелогичноста на ставот што го имаме во жленот 137-Г каде вели дека пристигнатите документи ги прегледува трчлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од осум дека по истекот на рокот по конкурсот, документацијата ја доставува до министерот. Токму во таа насока беше и нашиот амандман кој го поднесовме и кој нудеше едно поинакво решение од ова на почитуванта колешка Весна Јаневска и останатите колеги пратеници. Меѓутоа, ако веќе не се прифати нашето решение кое беше предложено од пратеничката група на ЛДП каде што го воведувавме стручниот колегиум како раководен орган да може да земе улога и да ги разгледува овие документи и потоа според некое тајно гласање и ранг листа да бидат понатаму доставени, овде имаме уште едно решение кое за мене можеби е уште пологижно со тоа што навистина оваа трчлена комисија нема баш никаква улога, барем како што тоа тука е дефинирано.

Сега, да не се повторувам околу сето тоа што го говореше мојата колешка, апсолутно се согласувам со неа и сметам дека и овој амандман е во насока барем малку да го вратиме дигнитетот на докторската професија односно дигнитетот на избраните доктори. Вака дефинирано апсолутно ништо не значи. Подобро, ако веќе не се прифаќа ни еден амандман, барем овој став да се избрише затоа што само го оптоварува текстот на законот, а навистина оваа трчлена комисија нема баш никаква улога во спроведување на постапката за избор на стручни директори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласањето ќе го повториме, бидејќи не сум сигурен дека во салата имаше 61 пратеник.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата, а потоа процедурата на гласање ќе ја повториме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, за гласале 8, воздржан 1, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137 г, за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Овој амандман е поврзан со претходниот. Доколку беше прифатен и трочлената комисија која е предложена во Законот ја завршеше својата работа, на министерот ќе му беа доволни само осум дена за да постави директор на определената здравствена установа. Со олед на тоа дека не се прифати, јас претпоставувам дека во Министерството ќе биде ангажирана бројна служба, која ќе треба некако да ги класифицира и среди документите кои во овој случај најверојатно ќе му бидат и 30 дена малку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи ли тоа дека го повлекувате амандманот.

**Весна Јаневска:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137 г, став 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Сите коментари повеќе се излишни. Амандманот се повлекува.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137 г, за менување на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Навистина не знам колку вреди повеќе да се говори, да се образложуваат амандманите, ако веќе не се прифаќа ниеден амандман, кој што сметам дека само ќе го подобри текстот на законот. Притоа, можеби нема министерот да смета дека, односно заменикот, дека можеби не е од суштинско значење, но во секој случај мислам дека секој амандман заслужува достојно внимание и заради јавноста јас би сакала да прочитам за што се однесува.

Во членот 137-д, се определува, односно се установува работата на Стручниот колегиум како орган на установата и вели, Стручниот колегиум ги предлага на директорот потребите за набавка на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал кои се потребни за вршење на здравствената дејност на Јавната здравствена установа согласно Програмата за работа и врши други утврдени работи со статутот на установата. Ние предлагаме, Пратеничката група на ЛДП да се измени ставот 2, со тоа што и стручниот директор би имал улога, односно со Стручниот колегиум раководи стручниот директор, што е и логично и Стручниот колегиум со стручниот директор заедно ја организираат, ја раководат и ја контролираат стручната работа на установата согласно на медицинските протоколи и процедури. Работата на Стручниот колегиум е утврдена со Статутот на установата. Јас не знам што е овде спорно за да не биде прифатено, односно многу појасно и многу поконкретно се дефинира работата на Стручникот колегиум, улогата на стручниот директор за кој што цело време заменик министерот не убедуваше дека треба да биде на повисоко ниво. да се подигне одговорноста, така стои и во образложението на текстот кој што го имаме. Имено, покрај другото, овој закон се менува и заради тоа да имаме поголема одговорност кај оние кои што раководат со јавните здравствени установи. Покрај менаџерот рековме дека раководи и стручен дирерктор, за да има поголема улога, поголема одговорност неговата функција да биде појасно дефинирана и со овој член го предложивме овој амандман. За жал, овој амандман не е прифатен. Без некое образложение не гледам зошто овој амандман не е прифатен и што би наштетил. Сметам дека во голема мера би ја подобрил работата на Стручниот колегиум, во соработка со стручниот директор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Во салата има 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 7, воздржани 2, против гласале 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 во новиот член 137 г, за менување на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 137-е, став 1, за бришење на алинеите 4,5 и 6, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 137 г, став 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Значи членот 137-е, се однесува за директорите на јавните здравствени установи и за нивно предвремено разрешување.

Значи директорот на јавна здравствена установа може да се разреши пред истекот на времето за кое е именуван на негово барање, ако настане некоја од причините поради кои, според прописите за работни односи му престанува

работниот однос согласно Законот, ако не работи и постапува според овој и друг закон, статутот и актите на установата, или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува спротивно по нив. Овие три алинеи сметам дека се сосема во ред.

Понатаму, членот 137-е продолжува, ако со својата несовесност и неправилна работа и предизвика штета на здравствената установа, или ги занемарува и не ги извршува обврските и поради тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста на здравствената установа. Ако две полугодија по ред јавната здравствена установа ги заврши со загуба во финансиско работење и ако го попречува остварувањето на правата и обврските на корисниците на здравствената заштита. Значи, станува збор за овие три компоненти. И понатаму сметам дека членот 137-е, се издржани. Значи, не несовесна и неправилна работа е немерлива категорија. И за несовесна и неправилна работа во областа на здравството треба да има строго дефинирани принципи. Несовесна и неправилна работа не одлучува дали е таа таква ниту министрот, ниту стручниот колегиум. За тоа одлучува суд. Стручниот колегиум, министерот, Министерството можат да дадат мислење, можат да сугерираат, можат да покренат обвиниение, но никако не можат да одлучуваат за несовесна и неправилна работа на еден доктор, без оглед дали е тоа во однос на вршење на својата работа во однос на пациентот, или на менаџирање на одделението, или установата во која работи. Бидејќи тоа е немерлива категорија, и сосема непрецизирана, мислам дека за вакво нешто во овој закон нема место.

Истото се однесува и ако го попречува остварувањето на правата и обврските на корисниците.

Моето прашање во однос на овој став би било вакво: Доколку пациентот треба да добие инфузионен раствор на натриум хлорид, а во моментот на одделението го нема, дали докторот го попречува остварувањето на правата и обврските на корисниците на здравствените услуги. Дали ако треба да даде инекции урбазон, а во амбулантата ја нема, дали на тој начин го попречува правото на корисниците на обврските. И конечно, ако две полугодија по ред јавната здравствена установа ги заврши со загуба во финансиското работење. Сосема јасно на секој во оваа земја и на давателите на услуги и на корисниците на услуги им е јасно дека здравствените установи во овој момент се финансирани од Фондот за здравство и од ништо друго. Во овој момент, сите здравствени установи се во загуба. Верувам, можеби имам грешен податок, ако ми е грешен да ме поправите, во Македонија не постои ни една здравствена установа која во моментот работи во добивка од оние со државен капитал, затоа што се директно врзани со финансирање од фондот. Зошто директорот би бил виновен, еве јас ќе ви кажам ако Фондот како досега не му исплаќа по фактури, туку му исплаќа паушал месечно и ако потребите во момент на епидемија на грип во Клиниката за инфективни болести се зголемени, таа мора да го направи трошокот, инаку ќе биде обвинета за попречување на оставарување на правата и обврските на корисниците на здравствените услуги, го направи трошокот и влезе во загуба. Ако Фондот не ги покрие тие средства, директорот ќе работи со загуба, незнам каков менаџер да е, не знам колку да штеди, колку евтино да набавува, бидејќи здравството е непредвидлива категорија. Никој неможе да предвиди колку се во моментот болни од грип и уште во следниот месец ќе бидат болни од грип и колкави ќе бидат потребите на било која здравствена установа која ќе се справува со овој проблем.

Според тоа, бидејќи за донациите, спонзорствата и другите начини на финансирање, освен за Фондот веќе многу дискутиравме и бидејќи минатото искуство покажало дека на такви големи крупни донации ние во здравството неможеме да сметаме, сметам дека станува небулозно барањето на еден директор да работи во позитива, доколку Фондот за здравство не е во состојба да ги исполнува обврските кон јавните здравствени установи со државен и со приватен капитал. Ова е онака како што е договорено, а тоа е по сработена услуга и по предадена фактура за таа сработена услуга. Сигурна сум всушност, дека предлагачот кога мислел и ги вградил овие три алинеи во овој член мислел на нешто сосема друго, но за жал, еве и овој аспект по кој можат да се толкуваат другите алинеи.

Се надевам, искрено се надевам дека доколку заменик министерот не може во овој момент да одлучи, тогаш барем на пратениците им е сосема јасно за што станува збор и ќе имаат доблест да го изгласат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61, за гласале 8, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Давам пауза од еден час за ручек.

(По паузата седницата продолжи во 15,03 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7А по членот 7 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа. Сакам само да дообјаснам дека Министерството за здравство во оваа фаза не може да го прифати овој амандман, затоа што станува збор практично за нова група на луѓе, нова група на работници кои што би биле признаени под името здравствени работници. Сметаме дека нема доволно издржана анализа од наша страна и понатаму ќе разгледаме во некои други законски промени. Меѓутоа, во оваа фаза амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседателе.

На почетокот да му се заблагодарам на заменикот министер што барем искажа мислење дека можеби понатаму ќе биде земено во предвид она што сега ние го предлагаме со овој амандман и можеби со некои други измени, сепак Министерството ќе има во вид ова што ние сега бараме со амандманот да се внесе, да се реализира, односно да си најде место во некои други измени на Законот за здравствена заштита. Сега јас навистина не знам зошто би говорела овде доколку со мојот настап и успеам да ги убедам колегите од парламентарното мнозинство да го прифатат овој амандман. Сепак, тие не се во доволен број за да тој амандман биде прифатен. Но, во ред, јас заради македонската јавност, заради граѓаните кои што ја следат оваа седница ќе дадам објаснување за што се работи и што се бара да се постигне со овој амандман. Имено, со овој амандман поднесен од мене, интервенирам со додавање на нов член 7-А после членот 7 со кој би се направиле измени во веќе постојниот Закон за здравствена заштита, односно во членот 139 став 1 после зборот “стоматологија” зборот “или” да се избрише, а после зборот “фармацијата” се додаваат зборовите “логопедијата или аудиологијата, рехабилитацијата”. Што се сака да се псотигне со овој амандман? Имено, во постојниот Закон за здравствена заштита како здравствени работници не се третираат логопедите и аудиолозите рехабилитатори. Со овој амандман мислам дека ќе се исправи една со години нанесена неправда кон овие здравствени работници кои што всушност не се нарекуваат здравствени работници. А зошто сметам дека треба да го добијат тој статус, ќе објаснам со следнава формулација. Имено, логопедите и аудиолозите рехабилитаторите имаат дипломирано во најголем број од нив на Дефектолошкиот факултет во Белград, со оглед на тоа дека кај нас не постоеше таков факултет и на кој што факултет постојат две насоки од кои едната е клиничка, а другата е едукативна насока. На клиничката насока се образуваат кадри од областа на рехабилитацијата за лица со потешки состојби во вербалната комуникација, со што по дипломирањето овие кадри се стекнуваат со звање логопеди или аудиолози. Истите тие денес работат во голем број здравствени институции пред се чија што основна дејност е рехабилитацијата на лица со патолошка состојба во вербалната комуникација и многу често не само што работат, сакам да потенцирам дека овие лица се и носители на дејноста. Здравствените услуги ги извршуваат во најголем број случаи самостојно и истите се внесени во ценовникот за здравствени услуги. Кон ова би сакала да додадам дека во Република Македонија досега постојат две рехабилитациони установи и тоа една се наоѓа во Битола, а другата е во Скопје. И двете се во состав на Министерството за здравство и се заведени како јавни здравствени установи. Не гледам зошто навистина во овој момент, иако реков заменик министерот даде некоја надеж дека можеби во иднина ова што ние го бараме со амандманот ќе биде внесено во законот. Не гледам зошто во овој момент се одбива и овие лица кои што целокупната своја работа, целокупната своја дејснот е во рамките на здравството не можат да бидат вброени во редот на здравствените работници. Дотолку повеќе што ова мислење не е само мое мислење, туку се надевам дека ќе добијам поддршка и од други колеги, поготово што поднесувајќи го овој амандман во Собранието беше пуќтен дополнителен материјал со кој што мислев дека колегите пратеници ќе можат да добијат подетални информации и со тоа да дадат поддршка на амандманот. Дополнителниот материјал беше од Друштвото на логопедите на Република Македонија и од Лекарската комора кои што даваат поддршка на она што е содржина на амандманот. Имено, логопедите, аудиолозите да бидат вброени во редот на здравствените работници. Реков дека комплетната документација ви е доставена. Јас тука не би должела повеќе и сега да ви образложувам се што содржи во тоа. Се надевам дека овие дописи од Друштвото на логопедите и од Лекарската комора и Меѓународната асоцијација на логопеди и фонетичари почитуваните колеги пратеници можеби ги имаат барем некои од нив прочитано и дека сега со начинот на гласање ќе дадат поддршка на овој амандман и како што реков една долгогодишна неправда кон овие луѓе да биде исправена и тие да бидат внесени со овој закон во редот на здравствените работници.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван заменик министер.

Ние и со заменик министерот за здравство и со министерот за здравство господинот Селмани разговаравме околу овој амандман поднесен од госпоѓа Роза Топузова-Каревска и таа во најголем дел ги образложи причините зошто сметаме дека овој амандман треба да биде прифатен и овие вработени кои што се во здравствените установи, тоа се логопедите и аудиолозите да бидат признаени како здравствени работници. Покрај другите причини кои што госпоѓа Топузова ги објаснуваше, сакам да наведам уште неколку причини.

Прво, како што спомена госпоѓа Топузова, има две такви специјализирани институции во Република Македонија, едната во Битола, а другата во Скопје. Таа што е во Битола дејствува самостојно како самостоен субјект, додека во Скопје е во склоп на Клиничкиот центар, односно на Државна болница. Мислам дека доколку добро ги прочитаме материјалите кои што и до претседателот на Собранието на Република Македонија беа доставени од страна на заинтересираните субјекти и кои што ги имаме сите ние пратеници, дека недвојбено ќе го поддржиме амандманот од неколку причини. Ако ние секогаш зборуваме дека како пратеници треба да ги слушаме токму оние кои што не избирале, оние кои што гласале за нас и оние кои што се експерти во своите области, тогаш треба овој пат да ги послушаме и да го поддржиме овој амандман заради тоа што недвојбено поддршка за овој амандман, или за решавање на ваквиот статус на овие работници дава Лекарската комора на Република Македонија и тоа имате потпишан документ од претседателот на Лекарската комора господинот Алексеј Дума. Истовремено имаме мислење од Меѓународната асоцијација на логопеди и фонетичари од претседателот на оваа Меѓународна асоцијација од Женева во кое што ни укажува дека ние сме една од ретките, ако не и единствена земја во Европа што кај нас логопедите и аудиолозите не се здравствени работници. Исто така, го имаме и мислењето од страна на Министерството за здравство кога министер беше господинот Владимир Димов и каде што веќе во склопот на Медицинскиот факултет од наредната година треба да се отвори овој нов смер за кој што кажа госпоѓа Топузова, дека порано овие струни лица се образувале во Белград. Исто така ја имате и одлуката која што е донесена токму од ова Собрание во 1995 година, каде што Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје се припојува кон Медицинскиот факултет, тогашни ОЗТ клиники Скопје. Ако сите овие аргументи ги имаме, ако сите оние кои што се стручњаци за оваа област ни укажуваат дека и овој е исправниот начин да го решаваме прашањето, јас се прашувам зошто ние пратениците пак не би го поддржале овој амандман.

Уште повеќе ќе кажам за онаа институција што е во Битола. Ние денес ќе донесеме закон за здравствена заштита со кој што и за директори се предвидува да бидат исклучиво од Медицински факултет едниот, а другиот со економски факултет или менаџер во јавното здравство. Таму нема вработено ни лекар со медицински факултет , нема ни економист, и сега ќе треба нови двајца да се вработуваат. Додека оние кои што се носители на дејноста, оние заради кои што постои таа институција и која што навистина успешно работи во рамките на својата дејност , ќе бидат од второстепено значење. Јас сакам да верувам во она што го искажа заменик министерот дека тие размислуваат на оваа тема. Но, ако е проблемот зошто тоа е предложено од пратеници од опозицијата, јас немам ништо против тоа да биде заслуга на парламентарното мнозинство кое што ја поддржува Владата, еве како нивен позитивен поен нека биде. Но, едно прашање кое што сега можеме да го решиме кое што не изискува ниту финансиски средства, не изискува некои посебни промени, туку напротив она што во стварност постои само да го регулираме во законот дека ние како пратеници ќе го поддржиме барем барањето на овие лица кои што се обратиле до Собранието на Република Македонија. односно до претседателот на Собранието господинот Георгиевски.

Јас уште еднаш ве замолувам како пратеници да го изгласаме овој амандман. Напротив, нема да направиме никаков грев, туку ќе придонесеме за регулирање на една област онака како што е во останатите земји во Европа.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Ние денеска водиме амандманска расправа во врска со Предлогот за измени во Законот за здравствена заштита. Од страна на колегите од опозицијата се предложени вкупно 27 амандмани. Од нив последните 18 амандмани вклучувајќи го и овој амандман поднесен од госпоѓата од Роза Топузова-Каровска значи амандман под реден број 23. Значи последните 18 амандмани се однесуваат на една проблематика која што е опфатена во членот 6 и 7. Во овој член со измената во Законот за здравствена заштита ја опфаќа темата за раководење и управување во јавните здравствени установи. Мојата дискусија би ја поделил на два дела.

Прво, би сакал да дадам еден општ коментар за изминативе последни 18 амандмани кои што ја регулираат оваа проблематика во законот.

Вториот дел од мојата дискусија би го насочил, односно би дал свој коментар во однос на амандманот од госпоѓата Роза Топузова-Каровска. Во интерес на времето не сакав да реплицирам на секој од тие 18 амандмани кои што ја опфаќаат оваа тематика. Меѓутоа, мораме да знаеме дека проблеми во здравствениот систем постоја и постоеле. Проблемите ги

лоцирам на три места. На прво место се даваат загубите. Имено, во нашето здравство од година во година се создаваат се поголем и поголем број на загуби. Така што во минатата година загубите во здравството во Република Македонија изнесуваат повеќе од 90.000.000 евра. Ќе се сложите дека тоа навистина е голема загуба и за тоа мора да се преземат конкретни мерки. Понатаму, проблемот во нашето здравство го гледам и во појавата на корупција, корупција која што е оценета и од страна на ММФ и од страна на антикорупциската Комисија која што проблемите на корупција ги лоцира на три места и тоа во Фондот за здравство во Министерството за здравство и во јавните здравствени установи. Пред се се обрнува внимание на оние проблеми во јавните набавки во четири очи без склучување на тендер. И третиот проблем кој што се наметнува во овој сегмент е огромното незадоволство кое што владее и кај пациентите но и кај лекарите. Имајќи ги овие работи во предвид Владата на Република Македонија, или поконкретно Министерството за здравство презема конкретни мерки кои што се состојат токму во оваа насока, значи во измена на Законот за здравствена заштита. Проблемите ги лоцираат пред се на две места. На прво место се става процесот на раководење, затоа што тој процес на раководење фактички ги создава загубите во здравствениот систем. И во тој поглед нашето Министерство предлага закон со кој што за раководен орган се избираат две лица значи со еднаква одговорност кои би имале врзан потпис. Едното од тие лица би било лице кое што има познавање од областа на медицинските науки и стоматолошките науки, а другото лице би било лице кое што би било одговорно, или има познавање од областа на економијата, финансиите и менаџментот.

Впрочем, позната е онаа стара народна поговорка дека, две глави повеќе мислат од една глава. Така да овде ќе потсетам една социјална комплиметарност во поглед на познавањата и на решавањето на проблемите на тие две лица кои што се во раководниот огран на секоја јавна здравствена установа.

Понатаму, друг проблем што се решава е преку категоријата “врзан потпис”. Тие две лица кои ќе бидат раководен орган на тие здравствени установи би имале врзан потпис и би имале еднакви права. Со тоа значи дека за секоја работа, било која работа во здравствената установа би одлучувале најмалку две лица, а кога има две лица кои знаат една работа, тогаш тоа не може да биде тајна и затоа сигурно дека склучување на договори кои би биле штетни во таа установа би биле сведени на минимум.

Значи, проблемот со раководењето го решаваме преку раководниот органи составен од две лица, а проблемот со корупцијата се решава преку врзаниот потпис на тие две лица. Инаку во поглед на амандманите кои овде беа изнесени во последните 18 амандмана...

**Иван Анастасовски:** Јас ќе ве замолам само, колега, држете се само на амандманот кој е поднесен од колешката Роза, ве молам.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе,

Значи, реков дека е тоа општ коментар, бидејќи во интерес на времето не сакав за секој амандман да се јавувам посебно, бидејќи тие 18 амандмани опфаќаат една иста материја, едни исти два члена. Значи, имаше добри предлози од колегите во поглед на сите амандмани, така и на последниот амандман, меѓутоа моето мислење е дека конкретните законски решенија кои што се предложени во овој Предлог закон за здравствена заштита, значи, се навистина прецизни, децидни, јасни и мислам дека не постои потреба од нивно изменување.

Во поглед на амандманот на госпоѓа Роза Топузова Каревска не се сложувам со нејзиниот предлог односно со нејзиното образложение од проста причина што сепак лица за раководни органи во здравствените установи сепак би требало да бидат лица кои што имаат познавања од медицинските или од стоматолошките науки. Сепак оваа категорија на луѓе кои што се логопеди, аудолози, рехабилитатори, тоа се сепак лица кои што имаат многу мала допирна точка со здравствената проблематика. Впрочем, тие своите научни сознанија не ги добиваат ниту на Медицинскиот ниту на Стоматолошкиот факултет така што кога би се нашле во таква позиција да бидат раководен орган не би одговориле на својата позиција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Како предлагач имете предност.

Има збор Роза Топузова Каревска, повелете.

Роза Топузова Каревска: Благодарам почитуван потпретседателе.

Очигледно дека не сме се разбрале со почитуваниот колега, пред се амандманот за кој сега говориме не се однесува за раководење со било која установа. Напротив, амандманот се однесува со додавање на нов член 7 во овој закон кој сега ни се нуди со кој во постојниот закон во членот 139 се додава нов став со кој се воведува логопедите односно аудиолозите, оние кои се бават со таа дејност да бидат заведени како здравствени работници. Не се работи за раководење, да не јадоведуваме во заблуда јавноста.

Сосема накратко ќе повторам, се работи да се исправи една неправда која до сега беше овие луѓе на кои основната дејност е таа да се бават со еден вид здравје на луѓето кои работат со таа проблематика всушност имаат завршено клиничка насока, значи говориме за клиничката, а не едукативната, не можат да бидат заведени како здравствени работиници. Во таа насока беше амандманот. Најмалку се однесува за раководењето. Да не остане недоречено пред

јавноста дека сите овие амандмани 18 за кои говореше почитуваниот колега ние ги поднесовме не со некоја цел да се наруши принципот на раководењето, напротив, да се подигне нивото на стручност, компетентност и департизација за која сите говориме дека се залагаме.

Доколку, барем дел од овие амандмани се усвоеа, јас сметам дека Законот немаше да изгуби ниту своја суштина,туку напротив во голема мера ќе се подобреше и ќе се подобреше ова што го кажав стручноста, компетентноста, ќе се намалеше корупцијата кај раководниот кадар и при тоа основно ќе се ослободевме од партиските директори кои години наназад ги имаме во здравството. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика се јави пратеникот Слободан Најдовски, повелете три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе,

Не е толку реплика колку дообјаснување. Госпоѓата Топузова објасни дека амандманот воопшто не се однесува за раководни кадри во здравствените установи, туку напротив амандманот се однесува на усогласување на нашата легислатива со легислативата која е по препорака на Светската здравствена организиација.

Во оние материјали кои беа доставени од страна на Друштвото на логопедите и од страна на двете институции децидно стои дека во 1980 година Светската здравствена организација направила пропуст во регулирање на прашањето на здравствени работници на спомнатите две професии за кои зборуваме и дека земјите членки на Светската здравствена организација побараа ова прашање да биде вклучено во легислативата за класификација. Тоа е направено во 1992 година и во последната класификација на болести која е од 1992 година сите овие болести на говор се сместени во тие делови, сега да не погрешам некои стручни термини како што ни е доставено од нивна страна сместени се од Ф-80 до Ф-89 и токму од страна на Меѓународната асоцијација на логопеди и фонетичари согласно препораките од Светската здравствена организација тие предлагаат и нашата земја да се вклучи во рамките онака како е решено во останатите држави.

Да расчистиме, воопшто не се зборува за поставување на раководни кадри, туку за дефинирање на статусот на оние работиници кои и онака, барем како што пишува овде, логопедите работат на превенција, дијагностика, рехабилитација, истражување во областа на говорната патологија. Поради тоа биле вклучени во системот на здравствени работиници во земјите членки на Светската здравствена организација.

Да не ги мешаме прашањата за раководни кадри во здравствените организации. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе,

Сметам дека последната дискусија беше апсолутно излишна, тие се здравствени работници, така рекол светот и ние треба да ги признаеме и тука нема дилема. Нивната работа опфаќа и социјална, психолошка, но и здравствена димензија и тие кои се запознаени со нивната работа без оглед каде студирале дали во Белград или во Софија знаат дека огромен дел од нивните студии опфаќаат анатомија, физиологија, патофизиологија итн.

Потврдувам дека минатата година до Наставничкиот совет на Медицинскиот факултет е поднесена програма за специјализација по аудиологија и логопедија и таа веројатно на некој од следните наставнички совети ќе биде прифатена и тоа е првиот чекор што Медицинскиот факултет што е лоциран на Универзитетскиот клинички центар ќе го направи да ја поправи неправдата која од незнаење или случајно била направена во минатото кон овие луѓе.

Такви стручни институции и специјализирани во однос на логопедијата и аудиологијата и се потребни на Македонија, малку се само две, луѓето се ентузијасти, јас ја познавам нивната работа и она што тие го навеле во нивните писма јас апсолутно тврдам точно и со право го бараат.

Инаку, конечно и за раководење, бидејќи колегите од ЛДП се оградија од раководењето затоа што навистина измената во овој член што тие ја бараат е за нивно правилно лоцирање во здравствениот систем, но, конечно, ако станува збор за такви високо специјализирани стручни установи можат да раководат само високо специјализирани стручњаци од соодветната област. Тоа е како на хирургија да им ставите да биде директор филозоф. Значи, оние што се бават со логопедија и аудиологија ќе знаат да ги водат установите по логопедија и аудиологија, но тоа во моментот не е тема за разговор.

Дозволетеми во општата расправа на колегата само два збора, бидејќи зборуваме за одредени амандмани, голем број, 18, не создава загуби во раководењето со здравствените установи, туку не соодветното раководење, криминалното раководење и тие луѓе треба да се гонат. Најголем квантум на загуби во здравствениот систем создаваат потребите кон ова население го има во несоодветниот, неадекватниот и застарен здравствен систем кој во моментот владее во Македонија.

Не се сомневам во добрите намери на Владата и еве ние ќе имаме можност во иднина да ги видиме ефектите од реформите, но за жал, јас морам уште еднаш да повторам двојното менаџирање не е новина, јас се надевам дека новиот начин на двојно менаџирање ќе вроди плод, но ни еден директор на медицински центар

ништо не потпишува ако не е криминалец без потписот на финансовиот директор, финансовата стручна служба и бројните комисии кои постојат секаде таму каде треба да постојат. Ви благодарам.

Се разбира ќе го подржам овој амандман, бидејќи апсолутно местото му е така како што е направен.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Би ги замолил службите да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Бидејќи има доволен број на пратеници во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 18, нема воздржани, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманите за бришење на член 14, поднесени од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски, Слободан Најдовски и од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски, Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманите не се прифатени.

**Иван Анастасовски:** Има збор Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сакам да објаснам за што станува збор. Имено со овој амандман предлагаме членот 14 да се брише. Навистина ова ќе имаше поголема логика доколку беа прифатени првите амандмани поднесени на членовите 2, 3 и 4 на овој Закон, но со оглед на тоа дека не се прифатени амандманите сепак сметам дека и вака е нелогичен овој амандман и затоа ќе дадам кратко образложение.

Членот 14 предвиден со овој Закон се однесува на членот 153-S во постојниот Закон за здравствена заштита каде што сега се предлага, во ставот 2 по точката 6 да се додаде нова точка А која галси: “Врши дополнителна дејност во друга здравствена установа”. Но за да бидам појасна во јавноста, а и за почитуваните колеги пратеници сакам да објаснам дека членот 153-S од постојниот Закон уредува лекарската, стоматолошката односно фармацевската комора може времено или трајно да ја одземе лиценцата за работа на здраваствен работник со високо образование и тоа во следниве случаи. Значи, го регулира одземањето на лиценцата на здравствените работници со високо образование. Таму стои дека времено одземање на лиценцата за работа може да се изврши најмногу за период од 7 години ако здравствениот работник со високо образование под 1 - не ја продолжи лиценцата за работа во роковите утврдени со овој Закон, под 2 - не ја заврши дополнителната обука во утврдениот рок, понатаму со успех не ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности, потоа со судско правосилно решение привремено му е забрането вршење на дејноста или професија, под 5 - по доделувањето на лиценцата за работа се утврди дека доказите за исполнување на условите пропишани со овој Закон ги прибавило спротивно на Законот, значи лицето кое добило лиценца , под 6 - се работи надвор од лиценцата за работа што ја поседува или работи во услови за кои нема одобрение за работа издадено согалсно со овој Закон, и сега значи следува новата точка 6А - која вели врши дополнителна дејност во друга здравствена установа.

Понатаму овој член кој што е даден со предложениот Закон за здравствена заштита исто интервенира во ставот 4 каде што со кој став се регулира трајното одземање на лиценцата и стои трајно одземање на лиценцата за работа се врши ако со правосилна судска одлука се утврди дека здравствениот работник со високо образование сторил стручен пропуст или грешка при работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот, дотука немам никакви забелешки, апсолутно е во ред.

Понатаму под зборот “болниот” сега ќе се додадат и зборовите или ако повременото одземање на лиценцата за работа врз основа на став 2 алинеа 6А на овој член повторно врши дополнителна дејност во друга здравствена установа. Значи, овде не само што се предвидува една ваква одредба туку и на лекарската комора и се наметнува решение кое што досега не било во нејзина надлежност без истата лекарска комора да биде информирана или пак да биде побарано мислење дали има согласност да го прифати ова што сега нејзе и се наметнува како решение, имено да ги одзема лиценците на колегите, здравствените работници кои што вршат работа во друга здравствена установа.

Значи, сметам дека ваквото решение во голема мера не само што го нарушуваше дигнитетот на лекарската професија за која што говоревме не само што ги деградираше докторите, туку сега веќе ја става во една понижувачка улога и целокупната лекарска комора наметнувајќи решение за кое што таа не била консултирана за која што не дала свое мислење, ниту пак имала можност да се искаже дали тоа решение навистина е прифатливо и членовите на оваа лекарска комора сметаат дека е издржано.

Мислам дека колегите пратеници треба многу сериозно да размислат затоа што можам да констатирам дека навистина се дојде до една

ситуација каде што во голема мера се наруши дигнитетот на сите здравствени работници особено на докторите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Многу беше кажано во однос на членот 14 и сметам дека ќе биде сосема излишно да се повтори и она што во моментот го кажа госпоѓа Роза Топузова Каревска, и она што бројни други пратеници го кажаа во претходната расправа. Очигледно е дека Владата во овој момент нема намера да одстапи од дадениот Предлог закон и дека тој ќе биде прифатен ваков каков што е.

Сметам дека ми е должност како пратеник и како доктор да укажам на тоа, а еве се надевам искрено дека грешам, но должност ми е да укажам на тоа дека се прекршени повеќе принципи од разни области - зборувам за категории како што е политика, социјално право, пазар на труд, пазарна економија итн., и дека со донесување на овој член најголема штета ќе им се нанесе на пациентите. Многу помалку ќе бидат обесправени докторите отколку што ќе имаат штета пациентите. Ова беше една придобивка која минатата власт, не можеби затоа што толку многу сакаше да ја донесе или беше свесна, која произлезе од притисокот на практичната потреба на здравствениот систем и сметам дека е многу ризично во овој момент да се избрише. Пак ќе кажам искрено најдлабоко се надевам дека она што јас во моментот не го согледувам, а е интенција на Владата многу брзо ќе го почувствуваат пациентите. Докторите се навикнати во последните 60 години да бидат омаловажувани, да бидат бездигнитет, да бидат на располагање на сите, да бидат сиромашни и ќе го издржат и ова во корист на етиката и во корист на она што се вика хуманизам и да се надеваме дека барем со тоа ќе дадат свој придонес за здравјето на населението.

Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 59, за гласале 9, се воздржале 2, и против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Со оглед на тенденцијата на Владата го повлекувам амандманот.

**Иван Анастсовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање два нови членови 16-А и 16-Б, по членот 16, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.

Владата го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25, за бришење на став 2, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Овој амандман беше предложен заради усогласување со амандманот на член 6 став 2, заради усогласување со амандманот на член 6 став 2 од овој закон за здравствена заштита понуден од Министерството за здравство, но со оглед дека тој амандман и било кој амандман кој се однесуваше на член 6 не беше прифатен, тогаш овој амандман станува нелогичен и поради тоа го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Господине заменик министре, дами и господа пратеници, ќе бидат исклучително кратка бидејќи навистина нема повеќе што да се каже.

На Владата и пожелувам успех со овој закон, но сепак времето ќе каже што ќе се случи. Би сакала само да нагласам десет точки и десет принципи кои сметам дека со донесувањето на дел од овој закон, не целиот, се нарушени.

Првенствено е нарушена десничарската политика за која ВМРО ДПМНЕ се декларира дека ја спроведува. Понатаму е нарушен принцип на здрава конкуренција во здравството, која треба да ја има како и на секое друго место. Нарушени се принципите на пазарната економија, нарушен е принципот на пазар на труд, на интелектуален труд и проток на знаење. Доведени се во нерамноправен однос, нарушен е уште еден принцип кој секаде во светот постои, значи нерамноправен однос на приватното и државното здравство и нарушен е принципот на достапност на пациентот до секоја здравствена установа. Нарушена е автономијата на наставниот кадар во Република Македонија, нарушен е принципот на зачувување на кадарот и негово искористување и веројатно е направен чекор кон растурање на Универзитетскиот клинички центар. Нарушен е социјалниот принцип во нашиот здравствен систем и конечно сметам дека сето ова води кон губење на квалитет на здравствените услуги кои ќе се пружаат на граѓаните, при што е нарушено правото на примачите на здравствените услуги да добијат соодветна здравствена заштита во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Сосема на кратко би сакала да го искажам моето мислење по Предлогот на законот. Можам да констатирам со жалење дека со неприфаќањето на амандманите, се разбира, не очекував дека сите амандмани ќе бидат прифатени, меѓутоа, очекував дека барем еден дел од амандманите ќе бидат повнимателно разгледани од страна на предлагачите, од министерот и заменик министерот и дека можеби ќе се најдат сили да се прифатат, со што во голема мера би се подобрил текстот на законот, а во никој случај не би се променила неговата суштина, односно не би се нанела штета на самиот закон.

Во голема мера сметам дека вака предложениот закон е против уставен токму поради тоа што - веќе еднаш го цитирав членот 32 од Уставот на Република Македонија, каде што се вели дека секој има право на работа, слободен избор на вработување итн., па токму поради тоа ќе го додадам и другиот став од овој член, каде што се вели дека секому под еднакви услови му е достапно секое работно место и секој вработен има право на соодветна заработувачка. Значи, на секој под еднакви услови според Уставот му е достапно секое работно место. За жал, со неприфаќањето на одредени амандмани, ние не придонесовме за подобрување на текстот на законот и да се исправи една нелогичност која што ја имаме во овој закон и што е најважно, тој да биде во согласност со Уставот, што е и тенденција на сите закони тие да бидат во согласност со Уставот.

Тука би сакала да кажам дека, доколку се прифатеа амандманите, во никој случај, законот немаше да биде на штета на пациентите, туку напротив, ќе беше во заштита на пациентите, односно уште еднаш до крај ќе се испочитуваше Уставот и она што според членот 39 им следува, каде што вели дека на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита и ставот 2 каде што вели дека граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.

За да не се повторувам со останатите колеги и да не го повторувам она што беше говорено во расправата по Предлогот за донесување на закон, а особено сето она што беше дебатирано во прилог на поднесените амандмани, кога пратениците ги бранеа амандманите кои ги поднесоа, сакам да кажам дека навистина со жалење можам да констатирам дека министерот, заменик министерот немаше слух да прифати ниту еден амандман и со ништо не сакаше да се подобри текстот на законот, со што ќе се подигнеше во голема мера нивото на стручност, компетентност на раководниот кадар, со што во голема мера ќе се намалеше можноста за злоупотреба и спречувањето на корупцијата, како што се сакаше овде да се презентира и во голема мера ќе се докажеше дека навистина оваа Влада, ова Министерство имаат добра волја да ги детектираат случаите кои се корумпирани во здравството, односно корумпираните доктори како што кажав, бидејќи сега тие се на власт, тие ја имаат одговорноста за водење на државата, ќе можат да ги детектираат и санкционираат сите оние коруптивни елементи во здравството и со тоа ќе се одделат корумпираните од чесните доктори, односно од сите здравствени работници кои чесно, одговорно и компетендно си ја извршуваат својата работа и со тоа во ниеден момент немаше да биде нарушен дигнитетот на една многу хумана професија, а што е уште поважно, во ниту еден момент немаше да биде разнишана довербата меѓу здравствените работници, докторите и пациентите, што сметам дека е од пресудно значење за обавување на нивната дејност. За жал, реков многу малку амандмани се прифатени и со тоа ни се покажа добра волја да се подобри овој закон, но останува да видиме во пракса тој да се имплементира. Очекувам дека со самото имплементирање на овој закон ќе се увиди каде се направени пропусти и секогаш има можност и време законот да се подобри, значи има можност секоја грешка да биде попрвена, иако поправањето на секоја грешка оди само на штета на граѓаните и од тоа

најмногу ќе претрпат пациентите кои ги користат здравствените услуги. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам.

Бидејќи заврши фазата на расправа по амандмани, сега ја имаме познатата структура на законска содржина, што главно е предлогот што беше поднесен во Парламентот во форма на предлог измени и многу малку, да не кажам воопшто, не се подобри или не се дополни со некој амандман во текот на расправата.

Поаѓајќи од овој факт и гледајќи го во целина текстот, дозволете да кажам накратко неколку зборови и да го кажам мојот став, но секако и ставот на парламентарната група во однос на овој закон.

Земајќи предвид дека сериозно пристапивме и внимателно пристапивме кон овој акт на подобрување на законската норма за ставање на здравството на поздрави шини и колосек, или да се стави во служба на здравјето на пациентите, пристапивме кон тоа сериозно и настојувавме преку нашите амандмани да го подобриме предлогот на текстот кој за нас не беше комплетиран, не беше одржлив и од законски аспект, имаше празнини кои всушност го правеа текстот несилен за да биде во функција на некоја реформа така како што длабоко се изјаснивте за надминување на сите проблеми кои долговреме се собрани во областа на здравството. Фактот што предложивме амандмани говори дека го прифаќаме фактот или ја поддржуваме секоја иницијатива која би помогнала за надминување на создадената ситуација и ќе ја подобри ситуацијата во оваа област, меѓутоа, за жал, нашите амандмани што ги предложивме тука или оние што беа посуштински и беа во функција на еден закон кој што вистински ќе имаше сила да ги уреди овие прашања, тие амандмани не беа прифатени и не беа третирани од парламентарното мнозинство. Затоа, законот останува неконсолидиран и со несоодветни решенија за достигнување на тежненијата и мотивите заради кои е предложена измената на законот.

Со нашите амандмани всушност сакавме да ја направиме потранспарентна или појавна работата на изборот на структурите кои со поголема одговорност преку една менаџерска школа или школа за менаџмент ќе ги раководат овие здравствени установи. Меѓутоа, тие амандмани не беа прифатени, а тие ќе ја н аправеа оваа процедура и постапка потранспарентна поради причини кои јас лично не ги знам, меѓутоа, исто така, не се овозможи и еден постапен пристап кон работата на лекарите и експертите надвор од матичните установи на начин за да може да се искористи нивното знаење и надлежност. Само за тие одговорни структури всушност да не се дозволи такво нешто или пак раководни структури. Не беше прифатено такво нешто, не беа прифатени и многу други решенија кои беа во однос на постапките на избор, а исто така и на предложениот концепт. Затоа, за нас овој закон останува некомплетиран и неконсолидиран на начин кој што би ги дал очекуваните резултати. Со тоа, Владата и Министерството ќе сноси и презема одговорност, останувајќи на своите лични решенија за да го имплементира ова и да ја преземе целата одговорност од можните ефекти на ваквиот пристап.

Поради тие причини, земајќи предвид дека парламентарното мнозинство и Владата не ја споделија одговорноста со нас преку прифаќањето на најсуштинските амандмани, ние не можеме да го поддржиме овој закон, затоа што не сакаме и не треба да бидеме одговорни за можните текови кои всушност можат да бидат и резултат на несоодветните и неконсолидираните решенија кои ги има самиот закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Јас ќе бидам краток во моето излагање. Најнапред ќе се осврнам на две прашања кои не беа нагласени од претходните дискутанти, а кои ценам дека имаат своја тежина и ќе се погрижам да бидам краток и јасен. Бидејќи не земав збор за амандманите, сакам да го кажам моето мислење во однос на два члена, кои ценам дека се противречни.

Станува збор за членот 135-А и добро би било да не следи господинот заменик министер, во кој се предвидува можноста како член на Управниот одбор да нема можност да биде лице кое меѓу другото е вработено или поседува акции во правните лица кои вршат или се занимаваат со вршење на производни дејности, промет на лекарства, помошни медицински средства итн. Мое мислење е дека овој член не е во непосредна врска особено со Законот за трговски друштва, затоа што според ова што е презентирано во овој член се подразбира дека здравствените установи може да се реализираат само во форма на друштва, друштва кои можат да емитуваат акции или друштва во кои капиталот и нивниот имот е поделен во акции. Нешто што не е така, затоа што Законот за трговски друштва во своите одредби е многу јасен и дециден и меѓудругото предвидува само три дејности кои можат да ги основаат само акционерски друштва. Се говори дека здравствените установи освен имотот во овие установи, кој нормално не е поделен во акции, туку е поделен во удели и затоа мислам дека покрај ова што е предвидено овде, каде се вели дека поседува акции, би било добро да се нагласи дека поседува и удели затоа што мислам дека имотот на овие установи не е поделен во акции туку во удели.

Друга дилема која е кај мене е прашањето на основање на два паралелни органи. Од една

страна членот 6 и членот 7 говорат за управниот одбор, а од друга старана се говори за раководен орган кој во иднина, во согласност со одредбите на Законот за установи како генерален закон, ќе биде со два директори. Овде не е ништо спорно, но според мене спорен е членот 137-а каде се предвидува можноста за назначување на директори преку јавен конкурс.

До колку внимателно се анализира членот 45 став 2 од Законот за установи, ќе видиме или Ќе дојдеме до заклучок дека начинот на предлогот на јавен конкурс како основа за назначување на директори како членови на раководниот орган, се случува таму каде во една установа не се предвидува назначување на орган како што е управниот одбор. Затоа во оваа насока моја оценка е дека предвидувањето на овие два органи создава дилема која според мене не е во согласност со членот 45 став 2 од Законот за установи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Вкупно гласале 60 пратеници, 53 гласале за, нема воздржани, 7 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита.

**Минуваме на точка 22-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда, господинот Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Благодарам потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Едно од основните права на човекот и граѓанинот гарантирано со Уставот на Република Македонија е правото на граѓаните да можат да основаат здружение на граѓани и политички партии и да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат;

Остварувањето на уставното начело на политичко организирање зараци остварување на политичките цели е обезбедено со Законот за политичките партии донесен во 1998 година што всушнот е втор законски проект што ја регулира материјата за политичко здружување од осамостојувањето на Република Македонија.

Брзите промени во севкупното општествено живеење повторно ја наметнуваат потребата од уредување односно доуредување на правните основни норми по кои се одвива општественото живеење во Република Македонија.

Правата на граѓаните колку и да се гарантирани и ослободени од норми, сепак тие се остваруваат во објективни услови и во рамките кои треба да го обезбедат функционирањето на системот во целина. Од тука правото на политичкото здружување на граѓаните преку востановувањето на право на формирање на политички партии подразбира и одговорност на самото членство на политичката партија и истовремено обврска кон пошироката заедница за сопственото постоење. Токму поаѓајќи од оценката дека дејствувањето на политичките партии во системот, покрај правата гарантирани со Уставот, а особено со Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии од кои првиот обезбедува можност за учество на избори и освојување на изборни функции, а и на власта и кој систем постојано се надоградува со нови решенија, произлезе и потребата за подобрување на законската рамка со која е уреден статусот на политичките партии. Освен тоа, не до крај разработените решенија од Законот беа пречка за потврдување на легитимитетот на политичките партии и нивната одговорност и отчетност, откако ќе бидат регистрирани кај надлежниот суд.

Првиот Закон за политичките партии по осамостојувањето е донесен во 1994 година а во 2004 година е донесен новиот Закон за политичките партии кој е во сила.

Измените и дополнувањата на постојниот закон кои произлегуваат од потребата за подигнување на потребата за отчетност на политичките партии во сопственото членство преку кое се потврдува правниот субјективитет, санкционирање на нивното неодговорно однесување кон регистерскиот суд и усогласување на санкциите со решенијата на Законот за прекршоците. Со предложените решенија се очекува да се обезбеди, прво потврдување на бројот на членството во одреден период, како основ на постоење на политички партии, второ, мотивираноста на политичките партии за обезбедување на членство, трето предвидување на нова прекршочна санкција за непочитување на одредбите од Законот и четврто, терминолошко и суштинско усогласување со решението од Законот за прекршоците.

Вие знаете дека во Република Македонија се регистрирани некаде околу 79 политчки партии. Меѓутоа, очигледно е дека бројот на регистрираните политички партии не ја изразува и демократичноста во остварување на уставно гарантираното право на политичко организирање и политичко здружување. Познато е дека повеќе од половината од политички партии практично не ја изразуваат политичката волја, не ја изразуваат и не истапуваат преку политичките програми

заради тоа што секогаш целта на една политичка партија е да конкурира со програмите, да конкурира на изборите, да се бори за освојување на власта, дали на локално или на парламентарни избори. Значи очигледно е дека тој број на политички партии кои ги има сега ригистрирано во Република Македонија, повеќе од половината практично како и да не постојат, но тоа, уште еднаш да повторам, не значи дека со тоа се остваруваат и основните интенции кои ги содржи Уставот на Република Македонија и Конвенцијата за основните човекови права и слободи за политичко организирање и изразување на граѓаните на секоја една земја како и на Република Македонија.

Мислам дека во законот, со членот 1 кој е предложен, практично се предлага, токму од овие причини кои пред малку ги кажав, да се зголеми бројот на основачите од 500 на 1000, од причина што поголемиот број на основачи овозможува политичката партија со масовноста да има легитимитет што е еден од основните елементи за добивање на изборните места и да учествува на изборите. Со овој член се предлага промена на основното решение содржано во членот 11 од постојниот закон и се предвидува обврска, политичката партија на секои две години од денот на нејзината регистрација, да доставува потребен број на потписи, број на основачи потребни за основање на политичката партија. Оваа постапка се предвидува да се спроведува во рок од 45 дена од истекот на рокот од последната регистрација на политичката партија.

Во текот на подготвувањето на законот се размислуваше околу тоа, давањето на потписите дали да биде пред нотар, гледам одредени амандмани во таа смисла кои се поднесени на овој закон, или давањето на потписите да биде пред подрачните единици на Министерството за правда. Верувајте, го имавме предвид и тоа решение, меѓутоа сепак преовладаа мислењата, што е изнесено и во законот, давањето на потписите да биде пред подрачните единици на Министерството за правда поради тоа што сепак оценивме дека, до колку изјавите се завруваат кај нотар тоа сепак би значело едно значително финансиско оптоварување на политичките партии, а знаеме дека дел од политичките партии, а секако за помалите политички партии очигледно тоа за нив претставува значителен финансиски товар. Од таму мислам дека овие решенија кои се содржани во законот беа поддржани и во расправата на ЗПК, беа поддржани и во расправата на Комисијата за политички систем, од партиите кои беа присутни од опозицијата, од најголемата политичка партија во опозицијата и другите политички партии кои изразија спремност да го поддржат законот, освен од една политичка партија од опозицијата која изрази резерва во однос на утврдувањето на овој закон.

Ве молам да го усвоите овој закон и да ги имате предвид овие образлагања што ги изнесов.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Спасеноски Александар.

**Александар Спасеноски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер за правда, почитувани пратеници.

Согласно членот 20, став 2 од Уставот на Република Македонија, како што знаеме е гарантирано правото на граѓаните за слободно основање на здруженија на граѓани и на политички партии. Во таа насока, согласно одредбите од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на 28 јули 1994 година го донесе првиот Закон за политички парти кој во октомври 2004 година беше изменет.

Денес 16 години по воспоставувањето на плурализмот во Република Македонија, на темелот на нормите, дел од Законот за политички партии, се регистрирани околу 80 субјекти. Од друга страна пак на изборите 2002 година учествуваа седум коалиции и 26 партии, додека во Собранието влегоа 19 политички партии.

На изборите пак во 2006 година учествуваа околу 30 партии и коалиции, при што само 18 партии успеаа да се изборат за влез во Собранието.

Споменатите факти упатуваат на заклучокот дека значаен дел од политичките партии или не учествуваат на изборите, или пак престанале со сопствената активност. Во таа смисла многу поизвесен е вториот дел од заклучокот, бидејќи неизлегувањето на партиите на избори е спротивно со нивната основна смисла на постоењето односно преку воспоставените процедури да се учествува во изборната трка за да се доведат субјектите во позиција да ги остварат сопствените програмски определби и визии за развојот и уредувањето на државата. Во последната констатација всушност ги гледам и причините за измените и дополнувањата на Законот за политички партии, по трет пат.

Анализата на предложените решенија упатува на заклучокот дека во измените на Владата суштествени се два предлога. Првиот, да се зголеми бројот на потребните основачи на партиите од 500 на 1000 полнолетни граѓани и вториот да се даде обврска на регистрираните политички субјекти, секои две години од денот на регистрацијата до надлежните институции да доставуваат 1000 потписи на свои членови. Понатаму оваа постапка, како што знаеме, дополнително се разработува.

Во овој дел сакам да истакнам дека го поддржувам предлогот да се зголеми бројот на потребните основачи и да се воведе обврската партиите секои две години да доставуваат докази дека бројот на членовите не се спуштил под дозволениот минимум. Имено, сметам дека со тоа:

Прво, ќе се изветрее македонскиот политички простор од политички субјекти кои постојат на хартија, меѓутоа во пракса се покажа дека не функционираат.

Второ, исто така ќе се оневозможат, заради потребната бројка и обврска за докажување на членството некои други политички субјекти кои одработувајќи ја агендата на некои други политики партии, се основаат, излегуваат на избори, само за да го дискредитираат политикиот противник.

Трето, сметам дека бројката од 1000 членови потребни за регистрација на субјект, нема да влијаат негативно врз процесот на политичкото здружување и организирање на партиите на малцинствата и социјално маргинализираните групи, бидејќи оваа бројка е лесно достиглива.

Четврто, во оваа насока се наметнува и дополнителниот заклучок дека предложените измени на Законот за политички партии, од страна на Владата, само ќе го допрецизираат и расветлат демократскиот амбиент во државата односно ќе ги зацврстат правилата на политичката игра во Република Македонија.

Како потврда на споменатите четири констатации, кратко би се осврнал и на компаративното балканско, европско и светско искуство во оваа насока.

Прво, во Србија на пример, според членот 5 од Законот за политички организации, партија може да основаат најмалку 100 полнолетни граѓани. Резултатот од ваквата одредба на овој закон е податокот според кој до јуни 2005 година бројот на политичките субјекти во Србија ја достигна бројката од 312.

Во Република Хрватска пак, според членот 6 од Законот за политички партии, исто како во Србија, потребни се потписи од најмалку 100 полнолетни граѓани за оснвање на политички субјект. Резултатот од оваа одредба е регистрирани 103 партии од кои само 14 имаат свои пратеници во Хрватскиот сабор.

Од истриктот Брчко, на пример во БиХ каде живеат околу 90 илјади лица, според членот 11 од Законот за политички партии, потребни се 300 потписи на полнолетни граѓани за да се дозволи основање на политички субјект.

Во Црна Гора која има 670 илјади жители односно околу три пати помала од Република Македонија, според членот 7 од Законот за политички партии политички субјект можат да основаат најмалку 200 граѓани. Резултатот од оваа одредба на овој Закон е податокот на интернет страницата според кој во државата се регистрирани околу 17 партии, од кои само 10 обезбедиле свое место во последниот состав на Црногорскиот законодавен дом.

Во 22 милионската Романија, според членот 17 од Законот за политички партии, за основање на политички субјект потребни се најмалку 10 илјади основачи. Резултатот е постоење на околу 60 регистрирани партии од кои само 6 се застапени во тамошниот Парламент.

Во Русија која има околу 140 милиони жители, според членот 3 од Законот за политички партии, потребна бројка на потписи на граѓани за основање на субјект е иста како Романија и изнесува 10 илјади.

Врз основа на споменатите податоци може да се изведе еден генерален заклучок според кој големината на бројот на потребните основачи за регистрирање на политика партија е обратно пропорционален со должината на имплементирањето на плурализмот и квалитетот на демократијата во државите. Имено колку помлада држава и колку помалку квалитетна демократија во истата, толку полиберален закон за политички партии и обратно, колку постара и поквалитетни демократски процедури во истата, толку порестриктивен закон за основање на политички партии.

Да сумираме.

Сметам дека предлогот на Владата за измена и дополнвување на Законот за политички партии го допрецизира и го дорасветлува демократскиот амбиент во државата, односно сметам дека ги зацврстува правилата на политичката игра во Република Македонија. Од таму, како член на парламентарното мнозинство, односно на ВМРО-ДПМНЕ, ќе се изјаснам во прилог на истиот.

(Со седницата продолжи да раководи Бесим Догани).

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Вистина е тоа што го кажа Михајло Маневски дека само еден политички субјект не го поддржа овој Предлог-закон. Тој политички субјект или пак таа коалиција е ДУИ-ПДП. Меѓутоа, ние тоа не го поддржавме не поради наши причини, дека ни е тешко да собереме 1000 потписи. Напротив, мислам дека еден таков проблем, ниту како коалиција, ниту како политички субјект ДУИ, го немаме. Меѓутоа, навистина не е добро и нема да поддржиме еден ваков Предлог-закон кој доаѓа од Владата за регистрирање на политички партии, поради причината која е многу јасна а тоа е дека се прави, или пак со овој Предлог-закон помалите политички партии во земјата ќе се избришат од регистарот каде се регистрирани. Го велам ова затоа што ќе беше многу логично и многу логичен предлогот од Владата, до колку навистина тој цензус, или пак бројот на оние кои треба да основаат една политика партија, од 500, се зголеми на 1000. Меѓутоа, регистрирањето на политичките партии не да се прави секои две години, како што се бара со овој Предлог-закон, туку ќе беше сосема нормално барем еден изборен циклус, било да се парламентарни или локални избори, една политичка партија која ќе се регистрира, да го помине тој циклус со таа регистрација. Значи само по себе што Владата предлага секоја втора година политичките партии да го верифицираат бројот на основачите, или пак на нивните поддржувачи, со потпис пред органите на Министерството за правда да ги даваат своите потписи дека го поддржуваат овој или оној субјект,

е многу јасно и тенденцијата и пораката која беше кажана и од мојот претходен говорник е дека некои политички партии кои се само на хартија и кои немаат членство, реално и треба да се избришат од регистарот. Меѓутоа, не се согласувам дека со ова треба да се избришат и многу политички партии кои навистина, во текот на овие 15-16 години, придонесувале во демократизирањето на политичкиот живот овде во Република Македонија, а такви партии имаме доволно, посебно од помалите етнички заедници кои се основани тука во земјата и придонесувале во оваа насока. Така што мислам дека тенденцијата е многу јасна, да се стесни, или пак помалите политички партии да се задушат за да не можат да се регистрираат секои две години и нормално да не може да учествуваат во натпреварот и да одат во тие изборни процеси, било да се локални или пак парламентарн избори. Мислам дека со ова не придонесуваме кон она што е наш интерес и понатаму да се демократизира нашата земја.

Напротив, мислам дека претходниот говорник даде многу погодени аргументи, посебно аргументите кои што доаѓаат од поранешните југословенски републики каде што се бараат 100 или 200 потписници, за да се основа еден политички субјект. Се поставува прашањето зошто се толку загрижени доколку имаме многу политички партии во земјата кои што не успеваат да добијат некое место во Собранието, или пак да победат на локалните избори итн. Напротив, мислам дека со тоа што тие помали политички партии се натпреваруваат и учествуваат во натпреварот им нудат на гласачите повеќе алтернативи, со тоа што и тие излегуваат со своите предлог листи пред гласачите, било на парламентарни или пак на локални избори. Така што, велам дека би било логично, тоа ќе го повторам повторно, доколку се побара зголемување на бројот на потписниците за основање или пак за продолжување на работата на еден политички субјект, меѓутоа не секои две години, барем секои 4 години. Така што на овој начин овие политички субјекти, кои што навистина се субјекти, не само на хартија, туку се покажале со своите активности и со оваа одлука која ви ја донеле, или со тоа што ќе се гласа овој Предлог закон, ќе се оштетат истите, со тоа ќе се оштетат и граѓаните на Република Македонија, со тоа што им се стеснува просторот за да имаат повеќе алтернативи во текот на тоа кога тие се определуваат за кого ќе го дадат својот глас. Затоа, ние како коалиција овој Предлог закон нема да го поддржиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Сакам да кажам неколку работи околу овој Предлог за донесување на закон.

Прво, мислам дека тој е од исклучителна важност за развој на демократијата за плурализмот и пред се за заштита на основните човекови права и слободи.

Од тие причини, можеби е добро овој закон да го носиме во две фази, со тоа што во утврдување на Предлогот за донесување на законот, за измена на Законот за политички партии, мислам дека треба да се отвори расправа за реалноста во која ќе учествуваат сите политички партии, независно дали се во Парламентот или пак се вонпарламентарни партии. Натаму, ќе се даде можност по него да се произнесат и експертите и сите оние што на некој начин учествуваат во сите овие процеси, политички процеси во Република Македонија, затоа што основна уставна определба е слобода на здружување на граѓаните и во таа смисла е здружување во политички партии.

Промените кои што сега се предлагаат треба да пристапиме крајно претпазливо, да не се добие призвук дека со законски решенија ние сакаме да го гушиме плуралниот развој на државата. Со еден збор, треба да им дадеме можност на политичките партии така како што се регистрирани по законот, тие и натаму да продолжат да функционираат. Бидејќи секои промени што настануваат во оваа насока можат поинаку да бидат разбрани. Инаку, во основа се согласувам да се направат одредени промени за кои што зборуваа и претходните пратеници, во смисла на тоа да речеме да се зголеми бројот на граѓаните од 500 на 1000 кои што можат да бидат основачи на една политичка партија. Но се отвара едно прашање околу тоа, каде да бидат евидентирани потписите или пристапниците за формирање на политичка партија. За тоа зборуваше министерот Маневски. Навистина е дилема дали потписите да се даваат пред надлежен државен орган, или орган на извршната власт, или пак тоа да се прави кај нотар. Доколку го правиме така како што е предложено во законот, тоа значи дека има можности извршната власт на некој начин да има увид на сите оние што биле членови на една политичка партија. Од друга страна, ако се заверуваат потписите кај нотар, се изложуваат партиите на дополнителни финансиски трошоци. Тука е таа дилема. Инаку јас сум против тоа на секој две години практично да имаме пререгистрација на партиите. Затоа и предложив амандман, тоа да се прави на секои 5 години, или можеби е добро после завршен секој еден циклус, или евентуално да се размисли три месеци пред одржување на парламентарните избори, секоја партија да има одреден период кога повторно ќе достави потписи, со тоа ќе потврди дека партијата опстојува со најмалку минимум број од 1000 члена. Треба сега околу овие прашања да се отвори расправа, да се вклучат сите релевантни партии во државата, како што реков и експертите. Мене ме натера повеќе да размислувам и да се јавам за збор, бидејќи тоа е скоро единствен закон кој што го

предлага Владата, а се согласува и СДСМ. Мислам дека тоа само по себе зборува дека треба да видиме кои се причините и зошто и СДСМ се согласува. До сега тие скоро по сите проекти негативно се произнесуваа, а сега еве тука се согласуваат.

Мислам дека треба да им дадеме можност на повеќе партии да расправаат по овој закон, и евентуално да се донесе во две фази дека ќе добиеме и поквалитетен закон, но и ќе дадеме можност да се разменат експертски мислења во самата расправа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Збор има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Веднаш ќе продолжам онаму каде што застана претходниот дискутант господинот Трајанов. Не знам од каде е оваа ваша статистика дека СДСМ ги оспорува сите закони што ги предлага власта. Прво тоа не е точно, второ, нормално е опозицијата да ги оспорува законите и да дава свои забелешки, мислења, сугестии кои некогаш Владата не ги прифаќа и поради таа несоработка од страна на Владата изостанува координацијата помеѓу политичките партии и затоа некогаш и не се прифаќаат законите. Сигурно не очекувате дека СДСМ бланко ќе ги поддржува сите предлози на Владата.

Инаку конкретно овој закон СДСМ ќе го поддржи и ќе гласа за, меѓутоа имаме одредени забелешки кои се мошне сериозни и од суштински карактер но и од методолошки пристап на Владата и при изработка на законот но и од политички пристап при подготовката и консултациите во врска со донесувањето на овој закон.

Имено, јас се согласувам со колегата Трајанов дека можеби е подобро овој закон да се донесува во две фази. Тоа е една од нашите најголеми забелешки кога се предлозите на Владата дека многу набрзина сакаат да се протуркаат некои работи за кои објективно нема подготвено услови во Република Македонија за да тие закони навистина заживеат и се спроведат со онаа намена за која се замислени и предложени да се спроведат онака како што сака Владата. Меѓутоа проблемот е што овој пат бидејќи СДСМ постојано забележува и останатите опозициони политички партии на Владата дека нема конструктивност за политички дијалог, нема соработка за важни закони, за важни прашања за државата со опозицијата така и овој пат Владата не само што немаше соработка со опозицијата туку генерално воопшто не беа консултирани политичките партии за овој закон, за што колегата Трајанов повторно ќе се согласам со него има право. Меѓутоа навистина парадоксот е огромен. Законот се однесува токму за политичките партии. Ако имаме ситуации кога се носат други закони во други области кога се консултираат други институции не може да не бидат вклучени политичките партии за кои се однесува законот во јавната дебата. Значи нешто слично и како за измената на Уставот. Не се испитува теренот, не се испитуваат околностите дали се созреани условите да се пристапи кон донесување на нешто, кон измени на нешто.

Имено, ова генерално, конкретно за законот. Има одредени подобрувања. Овој закон значи чекор напред во демократизацијата, значи воведување на одреден ред. Меѓутоа сепак нашите забелешки се прво во пристапот кој го има Владата за овој закон значи игнорантски однос, арогантен однос како и за многу други законски проекти настапува преку силата на своето собраниско мнозинство, преку своите пратеници во Собранието, за набрзина ги истурка работите без притоа да ги чуе не само мислењата на партиите, туку и мислењата на стручната и експертската јавност за што секогаш од друга страна кога има потреба се повикува или се затскрива. Значи не е добро лицемерно Владата да има различни аршини при донесувањето на различни закони кога за тоа има различен политички интерес. Исто така, една од покрупните забелешки која ја искажуваме јавно и нашето несогласување кое го кажавме и при дебатата на собраниските комисии е дека воопшто нема заштитен механизам во законот, нема одредена процедура или контрола за евентуални злоупотреби на некои одредби. Така на пример една од клучните законски одредби за евидентирање на потписите на основачите на лицата кои се основачи на одредена политичка партија, законодавецот не предвидел механизам на проверка дали евентуално некое лице би можело да се потпише два пати или повеќе пати во рамките како основач за една политичка партија или можеби за повеќе политички партии. Значи се доведуваме во ситуација да создаваме неприменливи норми, да создаваме бланкетни норми кои објективно во законот нема ниту контрола, ниту механизам, ниту процедура, ниту пак санкција. Значи нема визија Владата, нема визија законодавецот што во случај да не се почитуваат нормите во законот што самата ги предвидува. Милам дека тоа е погрешен пристап затоа што на Министерството за правда не знам кои се капацитетите објективни, стручни човечки и сето тоа. Меѓутоа мора да се најдат начини дали во ова Министерство, дали во склопот на некои други институции да се прават овие проверки бидејќи тоа е елементарната работа затоа што тоа би значело и на некој начин доколку се докаже и кривично дело за кое и лицето што го прекршило тоа но и самата партија би прејудицирала некоја одговорност за нив.

Значи Владата оди на нешто неиспитано не на слепо немајќи притоа решение како тоа да го отстрани или да го санкционира или да го заштити. Значи Министерството за правда во овој случај би било статис или администратор собирач на документацијата и на потписите и орган кој ќе ја чува таа документација а притоа нема начин, законски механизам како истото тоа да се

подобри. Значи да не должам понатаму поради сите наведени причини нашите забелешки кои ги кажавме како СДСМ, сепак ќе го поддржиме законот. Не сакаме да се однесувама како Владата тоа го прави со инает и со суета, сакаме навистина да покажеме дека за клучни работи кои значат подобрување во некои области треба да ја дадеме нашата поддршка. Иако еве отворено говорејќи, јас цело време го критикувам законот, меѓутоа го поддржуваме. Ги критикувам оние работи за кои сметаме дека треба да бидат поинаку или подобро решени, значи да и дадеме сугестија и да и помогнеме на Владата, не само да се инаетиме со Владата дека сме опозиција. Ние ќе гласаме за затоа што ова е клучен закон, добра е одредбата од 500 на 1000 лица кои треба да бидат потписници, основачи да се подигне цензусот. Ние очекувавме при предлагањето од страна на Владата да оваа бројка можеби биде уште поголема бидејќи ВМРО-ДПМНЕ во одредени ситуации во минатото јавно говореше за ова прашање дека треба оваа бројка на основачи да биде многу поголема и од 1000. Меѓутоа тоа е решението, така проценила Владата. Засега ова значи чекор напред меѓутоа не е идеално, не е совршено решението можеби многу брзо со текот на времето низ праксата самото Министерство ќе ги увиди слабостите и можеби ќе бидат направени дополнителни измени или подобрувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

За реплика се јави пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина внимателно го проследив колегата Борис Кондарко и се поставува прашањето сите овие аргументи кои ги искажа во однос на Предлог законот, тогаш се поставува прашањето зошто колегата го поддржува овој Предлог закон. Што значи дека ние кои сме против дали навистина тоа го правиме како што рече го поддржуваме законот, не правиме инает со Владата, значи ние кои не го поддржуваме овој закон правиме инает, што не е вистина. Вистината е дека со овој Предлог закон, како што рече и претходно колегата Кондарко, се задушува демократизацијата во земјата. Токму поради ова мислам дека тој со своите укажувања нема да го поддржи овој Предлог закон, туку напротив, треба да се побара нашите забелешки да се прифатат и имплементираат од страна на Владата. Тогаш свесно ќе поддржиме нешто што не е добро за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

Контра реплика од една минута за господинот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Се извинувам господине Алити, но ме ставате навистина во непријатна ситуација да навлегувам во нешто што ниту го говорев, па ми ги извртувате и зборовите. Прво, не реков дека ова е задушување на демократијата, таков збор не употребив. Напротив, реков дека е чекор напред, меѓутоа, подобра од оваа ситуација што ја имаме до сега, но не е совршено и не е идеално решението и затоа ги критикувавме или дававме забелешки за оние работи со кои не се согласуваме. Меѓутоа, преовладуваат подобрувањата и затоа ќе го поддржиме законот.

Инаку, за она што говорев дека не треба да водиме инает и треба да гласаме за некои работи и да и помогнеме на Владата, што се добри, мислев за СДСМ. Јас не говорев за ДУИ и притоа не мислам дека некој ако гласа против дека води инает, така што не мислам да навлегувам во тоа. Вие сте посебна партија, така што нема допирни точки со моето излагање.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор пратеникот Неждет Мустафа. Повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Со огромна заинтересираност ве следев и го следев секој ваш збор, очекувајќи дека ќе најдам некоја поцврста аргументација во однос на донесувањето на овој Предлог закон. Слушајќи ги коментарите на моите почитувани колеги, пред се набројувањето на условите за регистрирање на политичките партии во поранешните југословенски простори и пошироко од колегата, а од друга страна, со едно сериозно поздравување до објективниот пристап кон оваа тематика на почитуваниот колега Рафис Алити, односно ставот на ДУИ во однос на оваа проблематика, сметам дека сигналите што ги испраќа почитуваниот пратеник Алити во однос на задушувањето на македонската демократија е сериозна опасност во однос на политичката перспектива во Република Македонија.

Веднаш би сакал да го одвлечам вашето внимание дека не се работи тука за збир од 1000 потписи, ниту се работи за некоја опасност. Се работи за едно чувствително прашање. Покрај наброените примери на колегата какви се условите во бившите југословенски простори пошироко, се прашувам што има штета од тоа ако постојат политички субјекти кои што имаат голема актива или мала пасива или поголема пасива. Што може тука да изгуби демократијата? Што може тука да се одземе од демократијата?

Аргументите кои што се во контекс на овој Предлог-закон, почитувани колеги се загрижувачки. Ние градиме демократија во македонското општество со мултиетнички концепт. Ако вие сметате во перспектива од 20, 15 години дека можно е во Македонија да се гради бинационален национализам, што значи дека најголем дел од гласовите на етничките заедници, можеби идат кај македонските политички партии и кај албанските политички партии, во тој случај

навистина сметам дека можеме да ја задушиме демократијата во македонското општество.

Јас тука навистина не гледам никаков простор, не можам да се убедам дека овој закон е демократски и нуди демократска ширина за да се користи граѓанинот, односно етничкиот граѓанин да може да го користи својот глас во својата политичка партија. Јас во континуитет давам тука пораки дека Македонија ќе мора да го задржи својот уставен концепт, а тоа е мултиетничкиот концепт. Сметаме дека со еден таков уставен мултиетнички концепт ќе допираме до мултиетничка демократија.

Ако веќе правиме критериуми кои и какви политички партии треба да постојат, односно ако секоја втора година ги тормозираме нашите граѓани за да можеме да им земеме потписи и тоа со заверка во подрачната единица на Министерството за правда, кога самите знаете дека помалите етнички заедници во Република Македонија се во процес на развој и тоа рековме секогаш дека тоа е богатството на Република Македонија, мултиетничкото богатставо на Република Македонија.

Јас навистина сакам да ја изнесам целосно мојата многу сериозна грижа во однос на овој закон. Со тоа веднаш ќе дадам внимание дека обратно може да придонесете, ќе придонесеме за да се консолидира етничкиот политички корпус и да се постане многу посериозен политички субјект во македонското општество. Но со тоа велиме дека градиме плурализам? Но со тоа да не пропагираме дека Македонија стои зад демократските начела во своите уставни определби?

Искрено сакам да ви го свтам вниманието дека мислам дека тука ја кршиме демократијата. Тука ја задушуваме демократијата како што рече почитуваниот Рафис Алити. И сметам дека овој Предлог-закон е многу сериозна правокација, особено го давам мојот акцент, особено на заедниците кои што се помалку од 20%.

Јас, мојот пример веќе го реков дека доколку вие сметате, односно дека некој смета дека имам некој страв во однос на регистрирањето на политичките партии, тоа ќе не тера на консолидирање и ќе ја регистрираме, една или две политички партии. Но, сметам дека тоа не е она што треба да го постигне Република Македонија. Земете го примерот со невладиниот сектор, 7 членови основаат невладина организација. Ги има над 2000, 3000 и 5000. И кому смета невладина организација. Односно, до сега која политичка партија помала или поголема, сметаше во однос на своето функционирање. Тоа е една можност, една перспектива на група интелектуалци, можеби се сто, можеби се и двестотини, но тоа е една силна можност да застанат зад своите цели, зад својата идеологија. Да застанат зад она што може да верува дека после 15 или 20 години ќе дојде до израз во македонското општество.

Не гледам дека со овој документ ќе можеме да допринесеме во однос на развојот на демократијата. Обратно, сакам да истакнам дека ми се остава импресија дека ќе постојат јаки и слаби. Јаките кои ќе кажат кои се правата на другите и слабите ќе бидат оние кои ќе слушаат кои ќе им бидат тие права, нивни.

Токму од тие причини, јас навистина сакам да го дигнам мојот глас, моето незадоволство во однос на овој закон. Сметам, доколку сакаше да се дава позитивна желба, шанса за етничкиот развој во Република Македонија, почитуван предлагач во однос на малцинствата помалку од 20%, ослободете ги од условот, од концензусот. Во тој случај навистина можеме да ја покажеме нашата желба, нашата волја, дека Македонија застанува зад демократската ширина, застанува зад уставната положба, зад политичкиот развој на етничките малцинства во Република Македонија.

Јас сега тука не говорам за културни права и за културен развој. Можеме ли да го доведеме во сомневање мојот политички глас, мојот политички субјект со овој закон? Може ли да се навлезе токму во тие гетата каде што живеат ромите да се откупуваат гласовите на ромите, на било кој начин како што се случува за време на изборите, купувајќи ги ромските гласови и да се доведат до една критична ситуација политичкиот развој на Ромите?

Од тие причини, ќе останам во целосна грижа во однос на овој закон и мислам дека перспективно ги осакатуваме малцинствата, односно заедниците во Република Македонија. Со огромна почит кон вас и кон вашето трпение, се изјаснувам дека јас нема да гласам за овој закон, поради тоа што сметам дека ми ги крши моите права. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Топузова-Каревска Роза. Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам. Почитуван потпретседателе, почитуван министер за правда, почитувани колеги пратеници, барем оние што се во салата.

Би сакала да кажам неколку збора во однос на овој Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии. Навистина и досегашната дебата, како на комисиите, а особено денес на пленарната седница покажа дека треба да многу сериозно размислиме и ние и Владата во поглед на техниката, на носењето на законите.

Имено, очигледно дека е потребно да најголем број закони, освен оние што не налага итноста на нивното носење бидат разгледувани и носени во две фази, односно во процедура која што се смета за редовна, каде што пратениците ќе можат на самите дебати на комисиите и на пленарната седница да ги искажат своите мислења и ставови,она што всушност е и должност на секој пратеник, а потоа пак врз основа на нашите

мислења, ставови и забелешки да министерот, односно предлагачите одлучат што од тоа може да биде вградено во законот, со една единствена цел да законот биде во голема мера подобрен и со тоа да биде олеснета неговата имплементација, значи после неговото донесување.

Добро е што денес, не само јас, туку и повеќе пратеници, искажаа мислење дека навистина овој закон треба да го донесеме во две фази. И, јас мислам дека поготово почитуваниот колега од парламентарното мнозинство, Павле Трајанов ќе биде доследен и понатаму за други закони кои што ќе бидат предложени од страна на Владата на Република Македонија во овој Парламент, ќе го искаже својот став да тие закони бидат носени во две фази, особено закони кои што можат да бидат од суштинско значење за поголема група на граѓани кои ги засегаат граѓаните на Република Македонија, закони кои што е неопходно да бидат пуштени на јавна расправа, да се слушне мислењето во овој случај како на политичките партии, така и на експертската јавност.

Имено, непосредно по овој закон имаме на расправа на дебата на пленарната седница еден закон за празниците кои исто така ни дојде на една скратена постапка, без јавна расправа, без мислење на експертската јавност, закон кој што навистина, според мене, третира една многу чувствителна материја, но за тоа ќе говорам нели по следната точка. Ова го кажувам само поради тоа да го повикам парламентарното мнозинство, односно оние кои што сега го искажаа својот став дека е добро законите да се носат во две фази, особено по истите тие своето мислење да го искажат не само пратениците, туку и експертската јавност, а предлагачите да имаат можност забелешките да бидат вградени во самиот закон, со една единствена цел, да тој биде поддржан.

Дотолку повеќе што, еве сега, со искажаните мислења и од претходниот говорник, почитуваниот колега навистина кај мене се наметна една дилема, иако Либерално-демократската партија на Предлогот за донесување на закон на седниците на комисиите даде поддршка на овој закон и мислам дека и во овој случај би деле поддршка, но исистираме значи сугерираме да тој биде донесен во две фази и претходно да повеќе подебатираме врз основа на предложените решенија, да видиме што би можело да се подобри, се со една единствена цел за развој на демократијата во Република Македонија.

Исто така, ме загрижи ова што го слушнав од колегата за мултиетничкиот карактер кој што треба да го имаме на политичката сцена на Република Македонија и воопшто во целокупното делување на политичкиот систем на нашата држава.

Инаку сметам дека предложените решенија претставуваат една добра основа да се создаде една стабилна политичка сцена. Значи во однос на понатамошното основање на политичките партии и дека е добра основа да се елиминираат можностите за формирање на партии, непосредно пред парламентарните избори, што сметам дека не е добро и само и штети во голема мера на демократијата во Република Македонија и тоа од повеќе аспекти.

(Џагор во салата)

Се надевам дека ќе сакаме да се слушнеме, се однесува на Закон за политички партии, ако не за нешто друго, барем ова треба да бидат заинтересирани пратениците, бидејќи точно благодарение на тие политички партии ние денеска сме во Парламентот и ги застапуваме интересите на граѓаните.

Би продолжила значи понатаму, сметам дека е лошо да се формираат партии непосредно пред избори, не оди во прилог на демократските процеси, напротив праќаат лоша порака како до граѓаните, така нанесуваат и голема штета на веќе постојните политички партии. Тука би го спомнала примерот со Социалдемократската партија која излезе со своја листа, чии носители беа имиња кои беа слични, дури некаде и идентични со носителите на листата на Коалицијата За Македонија што доведоа до заблуда голем број на граѓани и ги дадоа своите гласови онаму каде не мислеа да ги дадат. Со тоа дојде до одлевање на значителен број на гласови, особено во Изборната единица 3 и 5 каде што, можеби, ќе имавме поинакви изборни резултати.

Во таа насока сметам дека е добро што се подига цензусот и се потребни најмалку 1000 граѓани на Република Македонија кои имаат избирачко право да го дадат својот потпис за основање. Само за една политичка партија. Значи дека еден граѓанин може да се потпише за само една политичка партија. Во таа насока давам поддршка, токму поради она што беше кажано до сега дека ќе се избегне формирање на политички партии непосредно пред парламентарни или локални избори.

Исто така, сметам дека е добро решението да овие потписи се даваат пред службеното лице на Министерството за правда, според местото на живеење на сите членови, за да можат онаму каде што живеат, таму и да ги дадат своите посписи.

Одредбата што се однесува на тоа да секои две години се потврдуваат овие потписи, 1000 потписи од страна на политичките партии е добро за консолидирање на политичките партии. Тоа, во голема мера ќе придонесе да ги држи во една подготвеност политичките партии, или таканаречена кондинција. Но, реков дека е ова сепак само мое мислење. Би сакала да го слушнат мислењето на експертската јавност, тука да биде вклучено мислењето на поголем број политички партии, вклучувајќи ги и партиите на помалите етнички заедници, па потоа, врз основа на тоа да говориме за донесување на еден закон.

Сметам дека, можеби, ќе беше добро измените на Предлогот на законот да стигнат во исто време и со измените на Законот за финансирање на политичките партии, што беше предложен во минатиот состав од група пратеници на ЛДП, што исто така треба да претрпи одредени измени, се со една цел да во најголема мера бидат спречени коруптивните дејствија и можности за време на изборната кампања, што потоа многу лошо се рефлектираат врз целокупното делување на партијата и политичкиот живот во Македонија, особено доколку таа партија победи на парламентарните избори, па потоа сите оние кои, наводно, ја спонзорирале партијата, знаеме дека во предизборната кампања се трошат големи средства од сите партии, потоа бараат да тоа им биде возвратено на некој начин. Доведува до појава на корупција кај носителите на власта во Република Македонија.

Токму поради тоа, мојот предлог е да овој закон го разгледуваме сега само во прва фаза, односно да го разгледувама Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии, за што ЛДП ќе даде поддршка, а после јавната расправа и дебата да пристапиме кон донесување на законот за политички парти. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеникот Лалчевска Ристанка, повелете.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Претставници на Министерството за правда, колеги пратеници, дозволете ми да изнесам некои свои размислувања околу Предлог-законот за измена и дополнување на Законот за политички партии.

Прво, Законот за политички парти е закон кој не влијае ерга омнест, тој се однесува строго на политичките субјекти, бидејќи во него се предвидуваат правилата за нивно организирање, функционирање, отчетност и нормално, санкции за непочитување на тие правила.

Со оглед да е тоа така поставена таа законска рамка, потребно е политичките субјекти да дебатираат за донесување односно за изменување на истиот Закон. Тоа се основните причини поради што го поддржувам она што го истакнаа многу колеги од различни политички субјекти денеска, дека треба да оди во редовна процедура, односно измените да се донесат во фази, онака како е предвидено и како е правилото за донесување на закон. Особено што се работи за ваков закон за кој што е потребно сите политички субјекти,не само оние застапени во Парламентот, да дадат свое мислење, свое размислување. Во една таква дебата да се дојде до решение што ќе ја унапреди законската рамка за политичките партии.

Со овие измени што се внесуваат во Законот за политички партии, мислам дека македонскиот закон за политички партии ќе премине во доста строги закони за организирање политички партии. Дали е тоа потребно, времето ќе покаже, бидејќи ние сепак сме млада демократија и тука беа истакнати некакви размислувања за тоа во кои демократии се построги, во кои се полиберални законите за политички партии.

Бидејќи сме млада демократија, нашиот Закон за политички партии би требало да даде дух на политичкото живеење во државата и со селекцијата да се оди природно, а не принудно.

Сега би ја кажала основната причина што ја дава предлагачот на законот, за потребата од измени а тоа е отчетноста на партиите.

Тука се согласувам дека партиите треба да бидат отчетни, треба да ги почитуваат правилата и секогаш да се отчетни за бројот на членови со кои располагаат.

Меѓутоа, ми се наметнува прашањето да подискутирам каде ние како држава треба да го водиме концептот на Законот за политички партии. Дали треба да го водиме во правец на построги правила кои ќе ги елиминираат политичките субјекти и ќе ја зголемуваат бројката на две до три политички партии или законот ќе го водиме во правец на развивање на вистинска демократија односно во создавање правила кои ќе овозможат и ќе создадат подлога за борба со политички програми, а не со бројки.

Многу закони во светот за политички партии разликуваат членови на политички партии, членување на политичка партија како двостран однос меѓу оној што членува со права и обврски и симпатизери на политички партии кои поддржуваат одредена политика која ја практицира политичката партија се дотогаш додека симпатизерот гледа правилност во таквата политика. Меѓутоа, тоа е еднostран однос. Во таквите демократии бројот на политичките партии е навистина минимален гледано од перцепција на Република Македонија, бидејќи кај нас сеуште се масовни политичките партии и тука се наметнува потребата да размислиме во иднина каде ќе го водиме нашиот политички живот и рамките на политичките партии во правец на омасовување на партиите и стеснување на бројот на партиите или во правец на борба со вистински програми, без разлика на бројот на членовите.

Тоа е едно мое размислување и една паралела од она што светот направил во рамките на законите за политичко организирање.

Тука би кажала уште една работа што мене лично ми се наметнува. Ние во Македонија имаме застој на демократијата, тоа сите сме го дефинирале. Меѓутоа, се поставува прашањето од каде е детерминирана односно кој е детерминаторот на застојот на демократијата во државата. Дали во големиот број на политички партии кои постојат во државата, егзистираат, или во начинот на организирање и функционирање на политичките партии. Ова е прашање за кое сите политички

субјекти во државата треба да размислат и дадат придонес и импулс за разрешување. Ако го разрешиме прашањето на застојот на демократијата, тогаш ќе и овозможиме на државата побрз и ефективен развој. Ги молам сите оние кои учествуваат во политичкиот живот да размислуваат и да дадеме придонес на ова прашање. Дали организацијата и функционирањето на партиите е причина или големиот број на политички партии. Јас лично не сум расчистила сеуште која е причината за застојот на демократијата , а бидејќи политичките субјекти излегуваат на избори и оние кои ќе добијат, сме имале смена на власта три пати во овој наш развој додека е плурализмот, меѓутоа, тој застој во демократијата не попуштил, во континуитет не следи еден таков застој на демократијата во државата. Тоа сигнализира дека ние треба нешто да промениме во начинот на организирање и функционирање на партиите бидејќи токму политичките партии кои ќе ја добијат власта ја водат државата.

Сега да се вратам на она што е предлог за измени и дополнувања на законот.

Законот поради отчетност прво го зголемува бројот на основачи за политичка партија од 500 на 1000. Тука немам спор. Политички субјект кој може да обезбеди 500 може 1.000, 2.000 итн. Меѓутоа, со измените во членот 1 со кој се менува членот 11 се воведува дека граѓанинот може да даде потпис само за една политичка партија. Тоа е во ред. Меѓутоа, понатаму во текстот воопшто нема никаква казнива одредба за оној кој ќе го прекрши членот 1 односно членот 11 став 1. Што ако се потпише за две партии? Ова одредба не е до крај изведена. Ќе биде празна бидејќи не постои никаква казна за оној кој ќе ја прекрши ваквата одредба.

Роковите кои се предвидуваат за собирање на потписи поготово рокот од 8 дена одкако судот ќе ја извести политичката партија дека не постапила согласно предвидениот став 3, од 8 дена е прилично краток и мислам дека предлагачот треба да размисли за 15 дена, што е некако оптимален рок.

Понатаму во членот 2 се предвидува една од поголемите новини што овој закон ќе ја донесе, начинот на собирање на потписи пред службено лице на Министерството за правда според местот на живеење. Досегашниот начин беше поинаков, ова е веќе значајна новина и тука се прашувам дали сме подготвени за вакоав начин на собирање на потписи. Колку земји го практикуваат ова како начин на собирање потписи, колку што имам информации неколку, значи многу малку и дали политичките субјекти се согласуваат, со оглед на подготвеноста на ваков начин да собираме потписи.

Јас милам дека тука ќе имаме значајни проблеми, бидејќи не се доразвиени механизмите како тоа ќе се прави. Со првото собирање на потписи мислам дека ќе се појават недоречености околу ова решение односно ќе се појават проблеми во собирање на тие потписи.

Понатаму околу текстот, во преодните и завршните одредби, според предлогот кој е даден, членот 3 со кој се менува членот 17 требаше да важи и да се применува од 1 јануари 2007 година, тој рок е веќе поминат, тука предлагачот треба да интервенира и да го расчисти, бидејќи први јануари помина пред неколку дена , значи да имате во предвид дека овој рок е поминат, со оглед на тоа што долго време овој закон стоеше во собраниска процедура.

Тоа би било околу текстот.

Сега би кажала уште нешто на што мојот ценет колега ме потсети, од опасноста за бришење на политичките субјекти од заедниците кои имаат помала застапеност.

Навистина едно вакво решение може да претставува проблем за заедниците кои имаат свои политички субјекти, а се во помала застапеност во државата. Се поставува прашањето дали со текот на времето, со опасностите со кои ќе се судрат при собирање на потписи со оглед на нивната бројност нема да ни се случи да исчезнат политички партии кои имаат свои целни групи односно кои ги имаат токму тие заедници кои се помалку застапени во државата, а со тоа навистина Македонија би изгубила многу, бидејќи нашето општество го градиме како едно мултиетничко општество. Дали со таквата опасност нема да се соочиме набргу во Парламентот да немаме претставници на овие заедници кои се во помала застапеност во државата.

Јас мислам дека постои таква реална опасност, а во поглед на она што колегата Неждет предложи два начини на собирање и бројност, не знам како беше точно неговиот предлог, но мислам дека ќе внесе една неуедначеност и нееднакви правила на игра.

Јас би кажала толку околу овој закон и на крајот сепак би рекла дека ова беше закон кој требаше да оди во две фази да се слушне и размислувањето на политичките субјекти, бидејќи овој закон се однесува само на нив. Блабодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пратеникот Трајко Вељановски не е тука.

Има збор пратеникот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги,

Ќе се обидам и јас да го дадам мојот скромен придонес кон овој Предлог за измена и дополнување на Законот за политичките партии.

Иако лично сметам дека прашањето за оснивањето, регистрирањето, пререгистрирањето на политичките партии треба да се реши со еден пообемен закон со оглед на фактот дека Законот за политички партии е донесен пред цели 12 години. Предлогот што го имаме пред нас ни дава

можност да прокоментирам само по однос на измените кои се содржани во Предлогот за изменување и дополнување на Законот за политички партии.

Сведено во една реченица се работи за две крупни измени.

Прво, за зголемување на цензусот т.е. бројот на основачите од досегашното решение 500 на 1.000 и

Второ, собирање на потписи пред подрачните единици на Министерството за правда.

Ова се две крупни измени што ги нуди Владата и измени во правец на тоа каде ќе бидат регистриани, со оглед на тоа дека се во тек реформите во судството, па мора и овој закон да биде усогласен со тие реформи.

Останува отворено прашањето зошто Владата пред да пристапи кон измени и дополнување на Законот за политичките партии не влезе во пошироки консултации со политичките партии, со оглед на фактот што се можни сосема поинакви решенија од оние што се понудени во Законот. Уште повеќе што понудените решенија отвораат повеќе прашања кои во овој момент не се содржани во Предлогот за измени и дополнувања на Законот за политичките партии.

Прво прашање дали бројката од 1.000 е најсреќното решение.

Второ, дали регистрирањето на политичките партии да биде на секои две години како што се нуди во Предлогот на законот или на 4-5 како што веќе нудат некои пратеници со нивни амандмани.

Понатаму, дали потписите да се собираат пред подрачните единици на Министерството за правда, дали истите да бидат заверени пред нотар или не, дали роковите се соодветни и сл. Значи, иако навидум закон мал по обем се отвараат многу прашања кои, за жал, не се регулирани со овие измени и дополнувања на законот.

Второто прашање што е многу битно е прашањето дали токму врз бројот на основачите на политичките партии почива толку голем број на политички партии во Република Македонија. Дали тоа е основната причина што во Република Македонија во овој момент имаме над 80 регистрирани политички партии. Иако мислам дека тоа е еден од елементите или причините да имаме толку голем број политички партии сепак не е единствената причина. Сепак мораме да ги гледаме работите низ друга призма, низ призмата на тоа дали постојните политички партии во Република Македонија функционираат професионално, дали се профилирани во класична левица, класичен центар или во класична десница.

Понатаму, дали ваквиот број на политички партии произлегува и од тоа што немаме законски регулирано финансирање на политичките партии или имаме такво финансирање кое е започнато последните две години и кое девијантно се одвива.

Според тоа, се отвора серија прашања на кои би требало во една поширока расправа да се најдат соодветни решенија. Токму тоа е причината што голем број пратеници во ова Собрание инсистираат законот да биде донесен во две фази или во редовна постапка да имаат можност политичките партии на еден транспарентен начин да ги искажат своите погледи по однос на овие измени на Законот. Иако лично сметам дека е потребно да се зголеми бројот на основачите на политичките партии, мислам дека ќе беше многу подобро при ново формирање на партијата потписите да бидат заверени пред нотар за да може основачот на политичка партија кој прв пат ја основа таа партија да има одредени финансиски издатоци, инаку без финансиски издатоци бидете сигурни дека ќе има бројни иницијативи за формирање на политички партии особено по една општа апатија кога населението не е задоволно од работата на голем број на политички партии во Република Македонија.

Според тоа, првото конституирање на новата политичка партија да биде со собирање на потписи пред нотар, а секоја наредна пререгистрација потписите да нема потреба да бидат заверени пред нотар.

Втора работа, мислам дека рокот на пререгистриање на секои две години за регистрирање на политичките партии не е најсреќно избран, бидејќи се отвораат дополнителни прашања, со оглед на фактот што непосредно пред било кои избори, дали претседателски, локални или парламентарни потребно е да се донесе документ дека во таа година партијата е регистрирана и се отвораат дополнителни прашања дали ќе има потреба пред избори дали се локални, претседателски или парламентарни повторно да имаме регистрирање на политичка партија, пререгистрирање на политичка партија и дали тоа ќе биде потребно тогаш да биде врзано за собирање на потписи или ќе биде доволно само една потврда од Министерството за правда, за да се докаже дека во таа изборна година таа политичка партија е регистрирана.

Иако мислам дека најдобро решение би било пред парламентарните избори и тоа 3 месеци сите политички партии кои ќе бидат учесници на изборите да бидат пререгистрирани за да можат рамноправно да учествуваат во изборната трка.

Многу од колегите укажаа на други опасности од овие измени, господинот Неждет Мустафа се осврна на тоа дека кај помалите етнички заедници може да биде сериозна пречка или ќе бидат изложени на сериозни опасности во собирањето на тие потписи, со оглед на тоа дека помоќните политички партии роварат по тие етнички заедници, меѓутоа, не би требало да имаме таков страв доколку како политички субјект вршиме

ефективна заштита на правата и слободите на граѓаните припадници на таа етничка заедница.

Веројатно најмалубројните етнички заедници ќе го имаат тој проблем, мислам дека тој број барем според официјалните статистички показатели се однесува на Влашката и Бошњачката етничка заедница, а за другите етнички заедници не би требало да биде проблем да се соберат околу 1.000 потписи за да може да се пререгистрира политичката партија.

Сите овие прашања се отворени пред нас и се плашам дека вака понуден текст на законот дел од овие прашања кои се наметнуваат нема да бидат решени, меѓутоа, факт е дека и овој дел од законодавството требаше да претрпи измени и дополнувања и јас во тој дел ќе го прифатам овој предлог за измена и дополнување на Законот за политичките партии, но ќе биде многу подобро кога и Владата и ова Собрание ќе смогнат сили измените и дополнувањата на Законот за политичките партии да оди по редовна постапка, а не по оваа постапка што ни ја нудат денеска. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Хасипи,

Има збор пратеникот Хани Тахир, повелете. **Хани Тахир:** Ви благодарам почитувани пратеници,

Предлог законот за измени и дополнување на Законот за политички партии имаше забелешки од колегите по однос на овој закон и јас ќе им се приклучам на забелешките кои се поставија, а тоа е во однос на барањето на голем број пратеници кои побараа овој Предлог за изменување на Законот да ја следи нормалната постапка и да оди во две фази затоа што одејќи во две фази ќе ни даде можност забелешките да бидат во редовна постапка и мислам дека Предлог законот понуден од страна на Владата и посебно измената во членот 11 со што се предвидува зголемување на цензусот за основање на политичка партија, тој цензус се зголемува од 500 на 1.000 потписи.

Понудената варијанта од страна на Владата создава дополнителни потешкотии посебно за малите политички партии и за малите заедници во Република Македонија. Имајќи го предвид тоа дека во изборните единици Македонија е поделена во 6 изборни единици и приближно секоја изборна единица има 300 илјади гласачи, имаме едно големо пространство на изборни единици и малите заедници имајќи ја својата политичка партија во една изборна единица од 270 илјади гласачи сигурно дека ќе го постигне потребниот цензус од минатите избори, а е докажано дека тој цензус е од 6 илјади до 8 илјади гласачи додека со понудената варијанта од страна на Владата една политичка партија да се основа со 1000 потписи создава дополнителни потешкотии за малите заедници и тие учествувајќи на избори да имаат можност да имаат свои преставници во Парламентот. Како што се нагласи во Македонија имаме мали заедници како што се Влашката заедница, Бошњачката заедница, Ромската, Турската заедничиа, но ова нема да биде потешкотија на македонката и албанската заедница од причини што нема да биде никаков проблем за политичките партии на македонците и албанците кои имаат можност да ги соберат овие потписи. Но, потешкотијата ќе се јави главно кај малите заедници кои нема да можат да соберат 1000 потписи. Затоа мислам дека оваа понудена варијанта создава потешкотии и сигурно дека малите заедници ќе имаат клучна забелешка и нема да имаат можност да бидат учесници во демократскиот развој во земјата и учествувајќи непосредно во парламентарните избори тие да имаат и свои легитимни претставници во Парламентот, но ќе бидат принудени вклучувајќи се во другите политички партии на тој начин да се претставени и да ги штитат нивните интереси.

Јас ги подржувам барањата на претходните пратеници кои бараат овој Закон да оди во две фази, во нормална постапка во две фази.

Исто така имам забелешка во точка 3 во која се предвидува верификацијата на политичката партија да се прави секои две години и мислам дека ова би било доволно да се направи во еден временски рок пред парламентарните избори, значи секои 4 години да се прави пререгистрација на полтитичка партија со собраните потребни потписи.

Ова се моите забелешки, ви благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пратеникот Иван Атанасовски не е тука.

Продолжуваме, збор има пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, министре, колеги пратеници,

Сакам да изнесам мои неколку размислувања во однос на Законот на полтички партии и мислам дека ова беше едно од законските решенија во кое што можевме да покажеме дека имаме доволно демократски капацитет сите во Собранието на Република Македонија да разговараме на оваа тема која што токму нас како полтички партии не засега како законско решение. Иако сите сме согласни дека имаше воопшто потреба од донесување на закон за полтички партии во кој што ќе имаме унапредување на законски норми и решенија во однос на регулирање на оваа материја во Република Македонија, сепак мислам дека Владата како честопати досега направи една сопствена проценка на работите дека не треба да остварува комуникација или поширок политички дијалог во делот на политичките партии во Република Македонија, за што често пати партиите во опозицијата, па и меѓународните организации, фактори, итн, укажуваат дека немаме воспоставено широк политички дијалог за толку значајни политички прашања кои што се во

Република Македонија или за прашања кои ги засегаат интересите на граѓаните. И во тој дел мислам дека уште еднаш треба да ни биде ова како поука, а тоа го говоревме и на комисиите кои што работеа по Предлог на овој закон дека често пати се залагаме за воспоставување на искрен дијалог, меѓутоа, декларативно или пак глумиме дека имаме дијалог, дијалог кој што се одвива постфестум, по донесување на одредени законски проекти или решенија кои поминуваат на Владата без претходно да ги дискутираат одредени полтички субјекти кои имаат инетерес. Токму Законот за политички партии беше еден од законите на кој можевме да покажеме дека можеме да соработуваме и да воспоставиме нормален дијалог во Република Македонија, барем за значајните полтитички прашања. Впрочем, тоа го бараат и полтичките пртии, го бараат сите оние кои упатуваат на одредени сигнали до Владата дека не е добро на таков начин да се функционира. Иако реков дека делот кој што се однесува на регулирање, на запишување во регистарот или основање на политичка партија, имаме различно искуство во Европа и во светот во овој дел, но можеме да говориме и за малиот број на потребни потписи во ова законско решение или за многу висока законска норма на многу висок праг за основање на една полтичка партија. Меѓутоа, за мене е прифатливо политичка партија да се основа со 1000 граѓани што ќе се изјаснат дека би членувале во политичката партија или би биле основачи на таа полтичка партија, што е сосема нормално за држава како што е Република Македонија. Мислам дека и тука пред се помалите етнички заедници треба да бидат охрабрени дека не станува збор апсолутно за намалување на бројот на полтички партии или за неможноста, заради тоа што навистина сметам дека 1000 луѓе кои би биле заинтересирани за одредена идеологија и платформа во Република Македонија не е преголема бројка, посебно не за националните малцинства во Република Македонија кои се внесени во Уставот за да формираат политичка партија со која ќе се овозможи нивно презентирање и делување на политичка основа. Меѓутоа, ги подржувам во делот кога сакаат, па дури и на ваков начин, да упатата еден сигнал дека треба да се почитуваат во Република Македонија и со нив треба да се разговара токму преку - ова е едно од прашањата за кои требаше да се поразговара претходно, пред да дојде овој закон во собраниска процедура, како впрочем и многу други закони кои ќе дојдат на дневен ред овде во Собранието, кои беа на седници закажани, или седниците не можевме да ги одржиме, ги одлагавме, дури и застанавме со работа, па ни се случи да имаме три седници во Собранието од минатата година кои не можевем да ги одржиме до крај заради тоа што немавме постигнато доволен степен на согласност за одредени законски проекти. Често пати говориме дека добро би било законите да се донесуваат во нормална процедура. На Законодавно правната комисија исклучително се залагаме за донесување на законите во нормална процедура, меѓутоа, праксата во Собранието покажува дека со досегашната работа ниеден закон не е донесен во нормална процедура, туку по итна постапка. Реков дека би било добро, а тоа го кажав и на Комисијата, овој Закон да се донесе во две фази, за да можеме да ги избегнеме сите овие недостатоци за кои говорев, кои требаше да се одвиваат во рамките на политичкиот дијалог и да слушнеме и одредени експертски мислења кои се во оваа област. Инаку, решенијата кои што се понудени со ова законско решение во однос на собирањето на потипсите, во Министерството за правда пред надлежен државен орган, е решение кое може да се каже дека е добро и во смисла на намалување на финансиските трошоци при регистрација на политичките партии. Од друга страна, се поставува една дилема дали надлежниот државен орган ќе има целосен увид во документацијата и основачите на политичките партии.

Овде сакам да истакнам дека посебно нормата која регулира дека еден граѓанин може да биде потписник само за една политичка партија, тоа го кажавме и на Комисјата, навистина, прво е норма која е неприменлива во пракса. Не видов ниедна казнена одредба како и на кој начин тоа би се спречило, а впрочем и не може да се спречи заради тоа што темелните вредности на Уставот гарантираат здуржување, слободно здружување на граѓаните во било која од политичките партии. Како декларација или како норма тоа го ставаме, но која нема да биде применлива во овој Закон за политички партии и едноставно ќе остане на совеста на оние кои се потпишуваат на листите за членови на одредени политички партии, дали ќе бидат доследни и ќе подржуваат една идеологија или ќе се стават во функција на некакви други интереси или пак ќе бидат дел од оние луѓе кои ќе бидат наградени да се потпишат за една или друга политичка партија, се со цел да имаме запишано таква политичка партија во регистарот на политички партии. Токму заради тоа, зголемувањето на бројот иако е добро, но од друга страна да се достигне можеби за да се достигне ќе се користат некои непопуларни методи на собирање на таквите потписи и мислам дека пак би дошло до ситуација да немаме реална претстава за она што значи вистинско полтичко организирање во Република Македонија. Рековме и јас го подржувам тој став дека ќе го подржиме ова законско решение, во рамките на конструктивноста на опозицијата, меѓутоа, и Владата мислам дека конечно треба да свати и да ја разбере пораката дека мора за одредени законски решенија да се седне и да се разговара пред нивно донесување на Влада или да отвориме широка расправа барем во една нормална собраниска процедура и во две фази да ги донесуваме законите, за да не ни се случува она што ни се случува, постојано да има

забелешки за одредени прашања за кои впрочем имаме исти ставови, меѓутоа, треба да ја усогласиме методологијата на нивното донесување и да се даде можност да се искажат забелешките на сите политички партии, да ги изнесат нивните ставови по било кои прашања кои се значајни и од приоритет е интерес за Република Македонија и нејзините граѓани. Инаку, за другите закони нашите ставови ги искажуваме преку политичка дебата овде во Собранието и тоа е легитимно и не е спорно што парламентарното мнозинство има дел од своја политика која ја спроведува, а дали е тоа добро или не ќе оценат граѓаните на следните парламентарни избори, меѓутоа, за овие вакви теми и вакви прашања ќе мораме да најдеме консензус. Реков и пак ќе споменам, испуштивме добра прилика да покажеме дека имаме доволен демократски капацитет да седнеме, разговараме и навистина да отвориме широк политички дијалог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Лично сметам дека Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии е одлично срочен, односно поставен и сметам дека дава една основа за сериозен пристап на политичките партии во идното дејствување во Република Македонија.

Ќе кажам многу кратко и она што ме натера да се јавам за збор е всушност, наводно, во одреден степен душебрижништвото на одредени колеги, наводно еве и за Ромската заедница да има можност да има свои политички партии, односно политички претставници.

Одговорно тврдам дека овој цензус, односно праг од 1000 гласачи, односно основачи на политички партии е премал доколку се работи за мојата политичка партија Сојуз на Ромите од Македонија. Цензусот од 1000 членови односно основачи всушност дава една можност политичката партија доколку не е во можност да го исполни овој основен услов, јас поставувам едно прашање која е суштината на постоењето на таа политичка партија, знаејќи дека рејтингот на една политичка партија се мери токму со излегувањето на избори, локалните и парламентарните. Ако не може една политичка партија да добие 1000 свои истомисленици кои ќе ја застапуваат програмата и статутарните определби на таа партија, што би барала таа партија во политичкиот живот на државата. Преку ова регистрирање со 1000 основачи се дава можност за елиминирање на одредени политички партии, кои јас ги нарекувам партии сезонски, односно партии од интерес или партии кои се формираат непосредно пред изборите со една цел, да профитираат противзаконски.

Исто така, во поглед на пререгистрацијата сметам дека на секои две години се пружа добра можност да се добие една стабилна основа на политичката партија и стабилно членство. Дали таа политичка партија е формирана со оние задни интереси кои ги кажавме, или има свои идеали, односно програмско статутарни определби. Мислам дека постоењето на политичките партии со 1000 основачи не би требало да претставува проблем за сериозните политички патрии.

Како пратеник на политичката партија Сојуз на Ромите ќе го подржам овој Предлог закон за измени и дополнувања на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Салиу.

Има збор пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре за правда, почитувани пратеници,

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии според мене не претставува некој сериозен проблем, со оглед на тоа дека во повеќето елементи од предлогот, повеќето кои што се изјаснуваа се согласија. Значи во однос на основањето, регистрирањето и пререгистрирањето на политичките партии и во однос на бројот сметам дека навистина овде нема дилема и дека е прифатлив за сите бројот од 1000 луѓе кои треба да бидат основачи или членови на партија при нејзиното пререгистрирање. Точно така, се согласувам дека основата на една партија не е да постои, туку нејзиното значење е во тоа да функционира и да даде политички придонес во развој на демократијата на оваа држава.

Во тој правец, бидејќи станува збор за политички партии, лично сметам дека ќе беше прилично згодно да седневме еден ден и политичките партии да го издискутираа овој закон, кој не гледам дека нешто драстично менува, освен за една точка за која земам право и понатаму да продискутирам. Значи да поразговараме и во тој правец, сметам дека беше згодна тема во која нема дијаметрални разлики, за конечно да почнеме, бидејќи сме сите заинтересирани, еден навистина искрен дијалог. Но што е сторено е сторено и бидејќи според мене не станува збор за голем проблем, она што сметам дека треба да се издискутира е времетрањето на пререгистрацијата и начинот на депонирањето на потписите. Времетраењето, според мене, би било пологично да се одвива на изборни циклуси, значи на 4 години, но не пречи тоа да биде и на две. За секоја сериозна политичка партија која сака активно да учествува во политичкиот живот на државата сметам дека тоа нема да биде проблем. Според мене проблем претставува депонирањето на потписите во подрачните единици на Министерството за правда. Можеби никој нема смелост во ова Собрание јавно да прозбори, но ние во овој момент во оваа држава на ова ниво на

зрелост и развој на домократијата имаме проблем.

Имаме проблем од едноставна причина што дел од партиските членови, оние помалку активните и поддржувачите, навистина имаат проблем јавно да се декларираат на која партија припаѓаат. Тоа не е од нереален страв и од нереални причини, напротив, минатото покажало дека има реални причини, луѓето во Македонија да се плашат да ја кажат својата политичка определба. Такви причини воглавном се случувало и ги имало кај ВМРО-вците и јас го разбирам господин Оливер Спасовски, кој е припадник на една друга опција, која во суштина исклучително малку и тоа внатрепартиски во последните 60 години имала проблеми. Но ги разбирам и оние припадници на ВМРО и на ДПМНЕ и на Народна кои ден денес се плашат политички да се декларираат од реваншизмите кои ги доживеале во минатото, лично, нивните семејства, нивните татковци, нивните дедовци, нивните сестри, сопруги и јас можеби навистина станувам досадна, но сметам дека е во корист на демократијата и секогаш ќе го користам моето право да потенцирам дека тоа во Македонија се случувало, се случува, а искрено се надевам дека во иднина нема да се случува.

Значи, сите се сеќавате на бркањето од работа, на притворите, на затворите, на наместените криминални случаи, наместените судски процеси, кои трајат повеќе од 60 години во оваа држава. Затоа сметам, дека работа на зрелост и работа на зрела демократија е кога некој јавно и слободно ќе може да се декларира, но сметам дека исто така, работа на зрела демократија и почитување на човековото право да му ја загарантираме интимноста на човека и во партиската определба.

Со оглед на тоа сметам, дека такво нешто подобро ќе се спроведе кај нотар, отколку во подрачните едници на правда, каде што секој што ќе го даде својот потпис за било која политичка партија ќе биде регистриран, па можеби неговиот потпис да биде јавно изманипулиран, се разбира, во несоодветни цели на политичките опоненти како што тоа досега се случувало во Македонија.

Поради тоа, бидејќи министерот и Владата, длабоко сум убедена, ја сфаќаат сериозноста за која во моментов зборувам, би сакала уште еднаш да го преиспитаат својот став, само во овој дел на Предлог законот и сметам дека доколку нотаријатот во Македонија си ја врши работата така како што си ја врши и досега се работело, не би имало проблем депонирањето на потписите да се случува таму каде што тајноста или имтимноста ќе биде позагарантирана и можноста за злоупотреба сведена на минимум.

Во однос на малцинските заедници навистина имам дилема. . .

(Џагор во салата)

Јас имам трпение и би можела и после 18 часот да продолжам, се додека не завршам, претпоставувам дека седницата нема да заврши.

Значи би сакала да кажам дека во однос на малцинските заедници, навистина, имам дилема и не би сакала да бидам сфатена како некој душебрижник, но би сакала сериозно да бидам противник на црно-бел свет, во масовно крупнување на одредени политички партии во државата, со што сметам дека ќе стагнира демократскиот процес и развојот на демократијата на оваа држава. Можеби на Македонија и се премногу 80 регистрирани политички партии, но на Македонија секако не и требаат само две големи политички партии, или само три-четири големи политички партии.

Искрено би сакала, сите граѓани на Република Македонија, да стапуваат и да се активираат во политичките партии, според нивната политичка определба, а не според националната припадност, но очигледно е дека такво нешто во моментот сеуште не може да се спроведе.

Јас се надевам дека таквиот процес е започнат, и дека во иднина, и ќе се доразвива, но во овој момент, за жал, сеуште функционираме на национална основа.

Притоа, сметам дека е од огромно значење и дека би била огромна придобивка, ако веќе тоа е така, малите политички партии на помалите национални заедници да си го зачуваат својот идентитет и да придонесат во колоритот на боите, за развојот на демократијата во оваа земја.

Во правец на оваа моја општа дискусија досега, ние имаме поднесено и три амандмани, како партија, и значи по повод амандманската дискусија го задржувам правото да продискутираме поопштирно на секоја од овие точки за кои до сега дискутирав. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Само едно мало појаснување да дадам, бидејќи поголем број на пратеници во нивните дискусии велеа, дека ова е Предлог закон за политичките партии, да не дојде до забуна, не е предлог туку денеска дискутираме за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии.

Пред да ве повикувам да гласаме, ќе ги повикам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, да продолжиме со гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Заклучокот што го прочитав, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласаа вкупно 60, 60 глсаа за, воздржано нема, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Бидејќи веќе е 18,00 часот, тука ја прекинувам седницата, утре продолжуваме во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)